„ЛЕТЕН КАМПУС 2018“ | ТОПОГРАФСКИ КАРТИ | „PATRIA NEMO“ | ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

# ШТИТ

Број 106
Август 2018
50 денари
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# 125 нови професионални војници во АРМ



# 125 нови професионалн во Армијата на Републи

Со свечена церемонија во Министерството за одбрана, 125 граѓани на Република Македонија беа примени како професионални војници во Армијата на Република Македонија. Во своето обраќање претседателот на Владата Зоран Заев истакна дека тие се иднината, тие се безбедноста на Република Македонија. Тој нагласи дека оваа генерација на професионални војници треба да биде особено горда, бидејќи е првата генерација војници кои ќе ѝ служат на својата земја како земја-членка на НАТО-алијансата.„Да се биде војник во земја-членка на Алијансата значи да се работи во многу подобри услови, по стандардите на сојузниците на НАТО… Вие станувате дел од армија која е пример за регионот, армија која години наназад рамо до рамо со војските на земјите-членки на НАТО учествува во мировните мисии на Алијансата и добива највисоки оценки“ - рече премиерот Заев. „Следува време на промени и на интензивен развој. Следуваат реформи во Армијата кои ќе се почувствуваат многу бргу. Вие сте носителите на тие промени, со својот млад дух и со својата професионалност и гордост како војници на Армијата на Република Македонија и на НАТО“, истакна премиерот Заев пред новите војници.

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска на новопримените 125 професионални војници им порача дека ја започнуваат нивната кариера во вистинско време, време на големи предизвици, модернизација и професионализација на Армијата, време во кое Македонија ќе ја унапредува одбраната и ќе го достигне стандардот на НАТО-алијансата. „Во секој од вас 125 војници кои ќе ја носи униформата на Армијата на Република Македонија ја гледам промената која допрва треба да дојде. Вие сте тие кои треба да бидат олицетворение на резултатите и вредностите



# и војници
# ка Македонија

кон кои се стремиме и за кои работиме. Вашата генерација е посебна – имате привилегија, но и одговорност да бидете прва генерација на војници во Армијата кои речиси целосно ќе ја развиваат својата кариера во рамки на НАТО-сојузот", рече министерката. Шекеринска и посочи дека граѓаните на Македонија го препознаваат приоднесот на припадниците на Армијата и затоа Армијата е институција која ужива најголема доверба помеѓу граѓаните. Таа додаде дека партнерите во светот имаат само зборови на пофалба и највисоки оценки за придонесот на припаднците на АРМ во мировните мисии. „Членството во НАТО ќе значи и конечна стабилизација и одржлив мир во регионот, стабилен регионален пазар и проширување на можностите. Во НАТО, Македонија рамо до рамо со светските велесили ќе одлучува за сите важни светски безбедносни и политички прашања", заклучи министерката.

Новопримените 125 професионални војници во АРМ се дел од планираните 375 нови професионални војници во Армијата оваа година. Дел од оваа генерација на професионални војници се и 15 припаднички на женскиот пол.

Кристина Илиевска







# содржина

ШТИТ ▌година X ▌број 106 ▌август 2018


**Инфо** 5

24 часа
**„Летен кампус 2018“** 6

Инфо
**Иницијална планирачка конференција за вежбата „СЕЕСИМ 18“** 10

Глобал
**Сојузничка команда за трансформации** 14

Едукација
**Давид и Голијат** 20

Вооружување
**Во борба против беспилотните летала** 27

Вооружување
**„Patria Nemo“ – минофрлачки контејнер** 32

Вооружување
**„IS-3“ - Советскиот тенк кој ја пропушти Втората светска војна** 36

Глобал
**Трговија со луѓе – индикатори, трендови, облици и предизвици** 42

Глобал
**Конфликти**
**Како да се водат разговори за да се одбегнат конфликти** 44

Незадолжително
**Позитивни ефекти од учењето и играњето шах** 52

Незадолжително
**Македонски рубин** 54

Филм
**„Логор Рентген“** 56

Убавините на Македонија
**Радожда** 58

# Историска шанса

Република Македонија најпосле ја доби долгоочекуваната покана за пристапни разговори со НАТО-алијансата. По оваа покана ќе следат неколкумесечни разговори и чекори за интегрирање во структурата на НАТО, по што ќе се потпише и протокол за пристапување, ќе започне процесот на ратификација во сите земји-членки на Алијансата, со што Македонија ќе добие право да учествува на состаноците на НАТО. Со тоа ќе биде остварена една од најзначајните стратешки определби зацртани уште со самото формирање на Република Македонија како независна и суверена држава, а тоа е членството во НАТО како најголем и најзначаен воено-политички сојуз на денешнината.
И, како што истакна министерката за одбрана и вицепремиерка во Владата, Радмила Шекеринска, во своето обраќање до сите граѓани на Република Македонија, оваа одлука значи дека ни е овозможено да седнеме на заедничка маса со останатите членки и да учествуваме и да придонесуваме во заедничките проекти, одлуки и активности. Оваа одлука донесена едногласно на Самитот на НАТО во Брисел значи дека нашата безбедност и нашиот економски развој ќе се движат по нагорна линија. Тоа е историска одлука и огромна шанса за нашата татковина.
Обраќајќи се до граѓаните министерката Шекеринска нè потсети дека оваа шанса во 2008 година ја пропуштивме и оттогаш натаму работите тргнаа во погрешен правец. Видовме што значи да се живее во несигурна држава и во нестабилен регион. Поминувавме низ многу кризи, а државата стагнираше на секое поле. Во изминативе 10 години едно стана јасно – без отворени перспективи за членство во НАТО и во Европската унија, иднината на Македонија е несигурна. Членството во НАТО е историска шанса која сега мора да ја искористиме. Со тоа Република Македонија ќе стане партнер и сојузник со најмоќните земји во светот. Членството во НАТО ќе биде стабилност и сигурност за Република Македонија и за нејзините граѓани. Но, тоа ќе донесе и шанса за побрз економски развој и просперитет.
А, кога е во прашање Армијата на Република Македонија, влезот во НАТО-алијансата ќе придонесе нашата армија да се здобие со една нова димензија на армија со висок меѓународен кредибилитет и докажан партнер, но тоа ќе значи и една нова перцепција на Армијата како институција која секогаш е во служба на народот и националната безбедност.
Пред нас е период на создавање историја, историја во која нашата татковина ќе биде верифицирана како демократска, и просперитетна држава, држава која со сите свои капацитети и можности ќе придонесува во евроатлантското семејство на држави и народи.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот


Издавач
Министерство за одбрана на Република Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Кристина Илиевска
(новинар),
Ксенија Митева
(лектор);
Александар Атанасов
(фотографии)

Печати:
„ФЕНИКС ПРИНТ“
ДООЕЛ Кочани

Цената на еден примерок е 50 денари
Годишна претплата 600 денари

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје, Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk





# Меморандум за разбирање

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска потпиша Меморандум за разбирање со кој Македонија се приклучува кон „Smart Defence“ иницијативата за муниција за копнено војување. Меморандумот за разбирање министерката Шекеринска го потпиша заедно со 17 министри за одбрана од земјите-членки на НАТО, и со својот колега од Финска, партнер на НАТО. Покрај Белгија, како водечка во оваа иницијатива, меѓу потписниците на Меморандумот се: Германија, Франција, Данска, Шпанија, Норвешка, Австрија, а од регионот – Словенија и Црна Гора. Меморандумот за разбирање воспоставува рамка која обезбедува групирање на националните краткорочни и долгорочни планови за набавки на муниција за копнено војување. Тоа значи дека работејќи заедно, земјите-членки на оваа иницијатива ќе добијат муниција по пониски цени, ќе ги хармонизираат резервите и ќе имплементираат заеднички решенија за складирање на долг рок. Иницијативата за муниција за копнено војување обезбедува подобра интероперабилност на декларираните единици на Армијата на Република Македонија, особено Лесната пешадиска баталјонска група. Иницијативата овозможува заштеда на финансиски средства при набавката на муниција, додека самото членство во оваа иницијатива нема финансиски побарувања.




# САД – Јадранската повелба ја исполнува својата мисија

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска во Загреб учествуваше на посебниот министерски состанок на САД – Јадранската повелба, прв состанок на кој Македонија како една од земјите-основачи на иницијативата, доаѓа со покана за членство во НАТО. Министерката Шекеринска доби честитки за пробивот на Македонија кон Алијансата од американскиот секретар за одбрана Матис, од копретседавачите со состанокот, министрите за одбрана на Хрватска, Крстичевиќ и на Црна Гора, Бошковиќ, од колешките од Словенија, Албанија и БиХ, Андреа Катич, Олта Џачка и Марина Пендеш. Заблагодарувајќи се на честитките, министерката Шекеринска рече дека поканата за Македонија во НАТО докажува дека САД – Јадранската повелба ја исполнува својата мисија. Таа рече дека учеството на американскиот колега Матис на состанокот ја потврдува поддршката на САД на регионот. Министерката им порача на своите колеги од земјите-членки на А5 дека интеграцијата на Македонија во Алијансата ќе ја зацврсти стабилноста и безбедноста во регионот. Акцискиот план за членство, низ кој Македонија минуваше 18 години, бара напорна работа во економски, политички, одбранбени реформи, истакна министерката, и додаде дека изминатите 13 месеци Владата успеа да затвори две важни прашања со соседите. Членството во НАТО е волја на мнозинството од граѓаните на Македонија, потенцираше министерката, и истакна дека следните чекори се достигнувањето и одржувањето на одбранбениот буџет на ниво од 2 проценти од бруто-домашниот производ, континуитетот на одбранбените реформи и придонесот во меѓународните мировни операции. Министерката Шекеринска порача: Поканата за Македонија во НАТО значи дека САД – Јадранската повелба ја исполнува својата мисија. А5 функционира затоа што сме едни на други поддршка. САД се партнер на регионот и тоа партнерство ќе продуцира појак НАТО-сојуз, но и појак Балкан.





# „ЛЕТЕН КАМ

На свеченото отворање на „Летниот кампус 2018“ година на 26 јуни присуствуваше заменик-министерот за одбрана Беким Максути, деканот на Воената Академија, полковник д-р Орце Поповски, високи гости од МО и АРМ, високообразовни институции од РМ и одбранбени аташеи акредитирани во РМ. Кампусот го отвори заменик-министерот за одбрана Беким Максути, кој на учесниците им посака успешно реализирање на Летниот кампус и им порача кога ќе се вратат во својата земја да го споделат искуството со своите колеги и да ги охрабрат да дојдат следната година. Во своето обраќање на отворањето на Кампусот во Центарот за обука „Пепелиште“, заменик-министерот за одбрана, Беким Макусти, истакна дека станува збор за проект со кој Република Македонија демонстрира силна посветеност кон процесот на градење на капацитети за справување со новите безбедносни предизвици. „Целта на овогодинешниот кампус е да ја доближи комплексноста на идните предизвици во градењето на мирот во постконфликтните операции до оние кои ќе бидат идни мировници, но и до идните цивилни политички претставници и лидери на НАТО-земјите. Ова за сите учесници е уникатна можност да се запознаат меѓу себе и заедно да работат на изнаоѓање на решенија за сите предизвици во процесот на градење на постконфликтен мир и безбедност“, рече Максути. Тој, воедно, на идните офицери им порача целосно да бидат посветени на стекнувањето со нови знаења и вештини, зашто тие, заедно со креативноста, храброста, интегритетот и етиката, им се мошне потребни на националните вооружени сили и на меѓународните организации и операции. Оваа е деветта по ред манифестација на Летен кампус која ја организира Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“. Летниот кампус оваа година се разликува од минатогодишните по поголемиот фокус на академскиот развој на учесниците поврзан со постконфликтните операции.

Во периодот од 26 јуни до 6 јули, припадниците на воени академии и армии од 11 земји земаа активно учество на Кампусот. Повеќе од 190 учесници од САД, Албанија, Романија, Германија, Австрија, Косово, Бугарија, БиХ, Хрватска, Црна Гора и Македонија, ги демонстрираа своите борбени вештини, изведувајќи ги до перфекција воените сценарија. И оваа година беа добиени високи признанија и одлични оценки и за учесниците и за организаторите. Овој кампус дефинитивно е еден од најдобрите промотори на Академијата „Генерал Михаило Апостолски“, надвор од границите на државата.

### Академскиот дел од „Летен кампус 2018“

Несомнено е дека научната академската поента на овој кампус е достигната ако присутните питомци и студенти се



# ПУС 2018“

Меѓународниот проект „Летен кампус 2018“, кој по деветти пат во организација на Воената академија се одржа во Република Македонија, имаше цел да ги запознае младите питомци и идни мировници со можните предизвици во постконфликтните операции. Наставата се одвиваше во Центарот за обука „Пепелиште“ и на армискиот полигон „Криволак“ со учество на повеќе од 120 учесници од 11 држави, питомци од Австрија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Романија, САД, Косово, Хрватска, Црна Гора и Република Македонија како домаќин

стекнат со високи знаења од областите кои ги опфаќа овогодинешниот кампус. Целта на меѓунанародниот проект „Летен кампус 2018” беше да ја доближи комплексноста на идните предизвици во постконфликтните операции до младите питомци и идни мировници, а посебно за интернационално правни и дипломатски аспекти на напорите за градење на мирот, евалуацијата на воени доктрини и поддршка на политичките напори за градење на мирот во мултинационални операции на НАТО.

На академскиот дел беа изведени предавања од истакнати професори и експерти од РМ и странство. Ronnie McCourt, раководител на „Academic Outreach Pgme Faraday Hall“ од Кралската воена академија „Сандхерст“ од Обединетото Кралство, ги запозна питомците со значењето на психолошкиот фактор во лидерството и со човечкиот фактор во операциите за поддршка на мирот.

М-р Gottfried Salchner од Маршал-центарот во Германија го истакна значењето на стратегиските информации во современите операции за поддршка на мирот, како и важноста на медиумите во спроведувањето на операции за поддршка на мирот. Glen Stennes и потполковникот Whitchurch од Обединетото Кралство ги запознаа питомците со воените искуства од Дојранската битка и со местото на одвивање на битката.

## Военотактички дел

Покрај сите активности не можеме да го изоставиме и тактичкиот дел, кој е важен за идните лидери. Со помош на наши врвни инструктори од Армијата на РМ и инструктори од British Military Advisory Training Team (BMATT), питомците беа запознаени и практично извежбувани. Ги извежбуваа постапките, техниките и тактиките при работа со




Питомците од различни земји, заеднички ги извежбуваа постапките,техниките и тактиките при работа со оклопни транспортери, формации и техники на движење во различни ситуации, како и формирање и работа на мобилна контролна точка, пред сè при изведување на операции за поддршка на мирот

оклопни транспортери, формации и техники на движење во различни ситуации, како и формирање и работа на мобилна контролна точка, пред сè при изведување на операции за поддршка на мирот. За таа цел беа формирани питомечки водови од мешан состав во кој влегоа и питомци од повеќе партнерски земји, при што заедно со инструкторските тимови на повеќе локации на армискиот полигон „Криволак“ се запознаа со основите на процедурите за работа и користење на оклопни возила и формации и распоред на движење во содејство со оклопните транспортери. Во суштина, питомците беа ставени во улога на припадници на механизирана пешадиска единица, каде што заедно со одредени инструктори изведуваа тактички постапки при формирање работа на контролни мобилни точки во разни ситуации и на различен тип на земјиште. После секоја работна точка питомците и инструкторите изведуваа кратка ревизија на стекнатите знаења и беше истакната големата предност на практичната работа, како и уникатната можност за градење интероперабилност и соработка во изведување на здружени операции помеѓу воените организации чии идни лидери се сегашните питомци.

Како и секоја така и оваа година Регионалниот центар за односи со јавноста, со свои медиа-тренери ја зборатија програмата на „Летниот кампус 2018“. Во периодот од 02-06 јули, медиа-тренерите спроведоа обука на 12 питомци и студенти од воените академии од регионот и од Универзитетот „Гоце Делчев” од Штип и од Факултетот за безбедност во Скопје. На курсот, кој траеше цела недела, имаше претставници од Романија, Албанија, Косово, Црна Гора, Хрватска и од Македонја, кои низ теоретски и практичен дел се запознаа и воедно се стекнаа со основни предзнаења за односите со јавноста. Стекнатото знаење од овој курс, питомците го покажаа на последниот ден од Кампусот, кога и ги инкорпорираа своите новостекнати знаења, при што реализираа прес-конференција, најсложената алатка кога се работи за комуникација со медиуми и за која е потребна тимска работа.

Питомците, своето стекнато знаење го покажаа на начин како да имаат веќе подолго искуство во односите со јавноста, а за тоа добија и пофални коментари од сите гости кои беа на свеченото затворање на „Летниот кампус 2018“ .Во рамки на „Летниот кампус 2018“ важен дел зазема и медицинската обука. Теоретскиот и практичниот дел од наставата го одржаа високообучени инструктори од Регионалниот медицински тренинг-центар при Военомедицинскиот центар во Скопје. На обуката присуствуваа 17 питомци од различни земји. Ова, освен што ја збогати програмата на Летниот кампус,исто така е корисно искуство за стекнување на нови техники и вештини кои ќе им послужат во понатамошниот работен век на питомците-идни офицери.



## Трајни пријателства и спомени од Македонија

Ова е делот кој е можеби најинтересен за питомците. За овој дел и да напишам 10 страници е малку за да се опише дружењето помеѓу питомците. Учесниците од 11 земји со различна култура, традиција и јазик, во овие 11 денови зборуваа и дишеа како еден. Кампусот е специфичен аранжман од емоции, другарство и навики. И на овој летен кампус, освен вежбовните и едукативните активности, се одржаа спортски и културни манифестации. И овојпат културниот потенцијал на нашата држава беше претставен преку посетите на повеќе градови од нашата



држава како Кавадарци, Неготино, Дојран, Кичево, Битола, Охрид и Скопје, каде што се зборуваше за македонската историја и знаменитости коишто ја красат нашата замја. Се организираа спортски активности во фудбал, во одбојка, во кошарка и во стрелаштво, кои беа проследени со висок натпреварувачки дух. Ќе ја спомнам и хуманитарната акција за помош на лица со ментален хендикеп „Порака“ од Неготино, на којашто сите учесници ја донираа својата ужина за овие лица. Питомците го поминаа своето време во дружење со лицата од „Порака“ преку спорт и креативни работилници, потсетувајќи ги дека Армијата, а посебно Воената академија, секогаш ќе бидат со нив.
„Кога стивнаа борбите“, се развеаја знамињата на земјите-учеснички. Во „Пепелиште“ високи гости уживаа во коктелот, учесниците се подготвуваа за поаѓање дома. Со големи емоции се разменуваа телефонски броеви, мејлови и фејсбук-адреси. По десетдневната организација, работа и дружење, беше демонстрирана завршна показна вежба во која учесниците ставија „круна“ на заедничкото совладување предизвици.

Учесниците од 11 земји со различна култура,традиција и јазик во овие 11 денови зборуваа и дишеа како еден. Кампусот е специфичен аранжман од емоции, другарство и навики. И на овој летен кампус, освен вежбовните и едукативните активности, се одржаа спортски и културни манифестации и овојпат културниот потенцијал на нашата држава беше претставен преку посетите на повеќе градови од нашата држава, при што беа запознаени со македонската историја и знаменитости кои ја красат нашата земја

## Потврдена добрата организација

На затворањето на „Летниот кампус 2018 година“ присуствуваше и министерката за одбрана Радмила Шекеринска, истакнувајќи дека заедничките активности на државите од регионот и пошироко покажуваат дека соработката е возможна и корисна. „Покажавме дека знаеме да соработуваме не само како партнер, туку навистина како членка на НАТО-алијансата. Летниот кампус којшто веќе создаде традиција е исто како дел од т.н. ’паметна одбрана’ или ’smart defence’ на НАТО. Тоа значи дека Македонија има капацитет којшто им го нуди на земјите од регионот, на нашите партнери и сојузници, капацитет со којшто навистина можеме да бидеме задоволни“- рече министерката.
На затворањето на овогодинешниот „Летен кампус 2018“, министерката за одбрана Радмила Шекеринска ја најави претстојната вежба што ќе се одржи на полигонот „Криволак“ меѓу македонските и американските специјални сили и рече дека членството во НАТО е можност Македонија да се претстави не како земја што бара туку како земја што ги нуди своите капацитети. „Очекуваме во текот на летово да имаме дополнителни американски војници коишто се присутни во регионот и кои ќе вежбаат заедно со македонските војници и очекуваме дека со членството во НАТО, потенцијалот на Криволак ќе се зголеми. Тоа ќе биде добро за имиџот на Македонија, како и за домашната и за локалната економија“, рече министерката.
„Летниот кампус 2018“ и оваа година ја потврди добрата организација на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“.
„Летниот кампус“ веќе претставува препознатлив бренд и пример за меѓународна соработка и партнерство помеѓу земјите од регионот и пошироко, земји кои се долгогодишни партнери, посветени на изградба на квалитетен кадар

Анита Среќковиќ



# Иницијална планирачка за вежбата „СЕЕСИМ 18“

Иницијалната планирачка конференција за вежбата „СЕЕСИМ 18“ се одржа во Истанбул и беше втора од серијата на функционални и планирачки настани кои ќе кулминираат со реализација на регионалната вежба „СЕЕСИМ 18“ од областа на управувањето со кризи и заштита и спасување. На конференцијата присуствуваа претставници од: Р. Македонија, Р. Турција, Р. Романија, Р. Грција, Р. Украина и претставници од СЕЕБРИГ

Вежбата „СЕЕСИМ 18“ претставува регионална штабна вежба од стратешко/оперативно ниво, додека земјите за време на реализацијата ќе учествуваат секоја од своја територија преку изграден компатибилен комуникациско-информациски систем со ефективно користење на компјутерско моделирање и симулации. Мрежата на вежбата ќе ги поврзува главната контролна група која ќе биде стационирана во Истанбул со контролните групи на земјите-учеснички, но и со нивните центри за итни операции (националните ЕОЦ), главно стационирани во главните градови на земјите. Контролните групи на вежбата, мрежата ќе ја користат за дистрибуција на видеоконференциски активности, телефонски врски, е-маил, веб-функции, симулации и дистрибуција на супозиции/инјекти до националните ЕОЦ. Додека националните ЕОЦ ќе бидат обезбедени само со комерцијални интернет и телефонски врски. На оваа конференција, чија цел беше иницирање на побарувањата (опфат, дизајн, тренинг-цели, ниво на учество, варијабли на сценариото, како и локации





# конференција

на вежбата, распоред, времетраење и сл.) за развој на вежбовните документи, акцент се стави во идентификација на националните сценарија на земјите-учеснички.
Врз основа на одобреното општо сценарио, кое предвидува природни катастрофи со регионални и национални влијанија во земјите од Југоисточна Европа, каде искористувајќи ја ситуацијата, терористички групи започнуваат акции, вклучувајќи и сајбер-напади, што ќе резултираат со големи штети на критичната инфраструктура, односно штети на комуникациите, транспортот, големи деструкции, загуба на животи, повредени и лица без домови, земјите-учеснички на вежбата ги идентификуваа националните сценарија, кои ќе поттикнат разбирлив цивилен, воен и политички пристап од релевантните владини и невладини организации во земјите-учеснички да преземат суштински задачи и да ги тренираат одговорностите, неопходни да одговорат на националните и регионалните вонредни кризни ситуации. Во таа смисла, преку националните сценарија, Македонија (технолошки акцидент, сајбер-напад), Турција (природна катастрофа, сајбер-напад, шумски пожар), Романија (сајбер-напад, природна катастрофа,нелегална миграција) Грција (земјотрес), Украина (експлозија во магацин за оружје, акцидент во нуклеарна централа, сајбер-напад и нелегална миграција) и СЕЕБРИГ (обезбедува поддршка во справување со настани по барање за помош од нациите), ќе ги промовираат: контратероризмот; контрапролиферацијата на оружјата за масовно уништување (WMD), нивните материјали, технологии, знаење, како и нивните системи на испорачување; транснационална и регионална соработка во ЈИЕ; граничното и енергетско обезбедување; заштита на критичката инфраструктура; хуманитарната помош; одбранбените сајбер-способности; градење на капацитетите на земјите-учеснички за одговор при итни ситуации; операциите за спасување при катастрофи; координирани и ефективни одговори на транснационалните закани; менаџирањето со последиците; размена на разузнавачки информации, соработка и интероперабилност; стратегиски комуникации и менаџментот за јавно информирање.

Во рамките на Конференцијата за учесниците на Иницијалната планирачка конференција беше организирана студиска посета на Дирекцијата за управување со катастрофи (AFAD) за провинцијата Истанбул. Во таа прилика учесниците се запознаа со организацијата и структурата на системот на државно и провинциско ниво, просторните услови, техничката опременост и надлежностите на AFAD за провинцијата Истанбул каде, меѓу другото, како суштински може да се подвлечат следните факти: AFAD претставува владина државна институција за управување со катастрофи на Р. Турција, формирана во 2009 година, која се карактеризира со: мултидисциплинарен пристап; ефективна и ефикасна координација; управување со ризици; системски и проактивен систематски пристап. Во извршувањето на задачите од нејзиниот делокруг, соработува со јавни, приватни и невладини институции/организации на национално ниво; јавни, приватни и невладини институции/организации на локално ниво; меѓународни организации.
На провинциско ниво AFAD се состои од:директорати на провинциите; единици од цивилна одбрана за пребарување и спасување, и невладини организации. Директоратите на провинциите (вкупно 81 директорат), меѓу кои и на провинцијата Истанбул, се карактерисираат со следното: структура; административен персонал; технички персонал; оперативен штаб; финансии (државен и локален буџет).
Надлежностите се однесуваат на управување со акциите за справување со катастрофи и итни состојби; инженериски активности; операции за пребарување и спасување и координација помеѓу институциите.
На следната Главна планирачка конференција, која е предвидена да се одржи во почетокот на септември 2018 година, исто така во Истанбул, Република Турција, ќе се развиваат планирачките документи иницирани на оваа конференција, а посебно акцент ќе се стави на изработка и развивање на инџекти/супозиции по националните сценарија; ќе се дефинира управувањето и протокот на информации и симулации за потребите на реализација на вежбата; ќе се дефинира комуникациско-информативната опрема компатибилна за воспоставување на мрежни врски помеѓу земјите-учеснички; ќе се утврди политиката за информирање на јавноста и односи со медиумите; дефинирање на планот за високи гости при реализација на вежбата и така натаму.

д-р Тони Петрески
м-р Здравко Јаковлевски



# Да се биде војник е посебна чест

Во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес најновата јунска 35. јубилејна генерација млади војници на доброволно служење во АРМ свечено даде заклетва

Војниците во оваа генерација, 68 на број, меѓу кои и 15 девојки,стојат во строј и од својот командант на ЦИО - Центарот за индивидуална обука нестрпливо ја очекуваат командата „мирно“. Се прават последните проверки на и околу бината  додека се очекуваат високите гости од ГШ на АРМ. Тие пристигнуваат и свеченоста може да почне со интонирање на химната на Р. Македонија и химната на АРМ. На јарболот се вее македонското знаме .Од свечената бина на младите војници наредени во строј им се обраќа нивниот командант на ЦИО - Центарот за индивидуална обука, потполковник Арбен Јакупи, кој им командува: „Војници пристапуваме кон давање на свечената заклетва. Повторувајте ги зборовите што ќе ги изговорам Се колнам дека ќе ги бранам, слободата, суверенитетот, самостојноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, дисциплинирано, совесно и одговорно ќе ги извршувам обврските и должностите како бранител на мојата татковина Република Македонија и ќе се борам за нејзината слобода и чест. Војници, ви ја честитам свечено дадената заклетва“. Војниците, сите во еден глас, му се заблагодарија громогласно.

Тој потенцираше дека младите војници одлучиле доброволно да го отслужат воениот рок и да бидат составен дел на АРМ.

- Млади војници! Денес на овој свечен чин пред државното знаме и военото знаме на единицата, пред вашите старешини, родители, роднини и пријатели, на достоинствен начин се заколнавте дека ќе ги извршувате обврските и должностите како бранители на суверенитетот и територијалниот интегритет на својата татковина Република Македонија. Вие во наредните три месеци како млади луѓе ќе бидете ставени пред предизвикот да се биде војник и ќе треба да ги совладате планираните содржини на обуката. Со вас ќе работат искусни старешини кои максимално ќе се залагаат да ви ги пренесат потребните знаења и вештини. Целокупниот ваш успех и ангажирање ќе бидат вреднувани, а тоа ќе биде еден од елементите за понатамошна селекција за оние кои сакаат да ја изградат  својата идна професија во редовите на АРМ. На сите вас ви посакувам добро здравје и успешно совладување на сите препреки со кои ќе се соочите. Почитувани родители, давањето заклетва претставува личен чин, но чест и задоволство е и за родителите, за роднините и за пријателите. Како родители можете да се гордеете што израснавте здрави и способни млади луѓе кои денес во овој строј со гордост и достоинство ја прифатија одговорноста чесно да ѝ служат на својата татковина во редовите на АРМ. Поради тоа дозволете ми да искажам голема благодарност што ни ги доверивте вашите синови и ќерки и ве уверувам дека наредните месеци крајно совесно и одговорно ќе ја преземеме вашата родителска грижа за вашите ќерки и синови и ќе ги вратиме збогатени



со уште едно животно искуство, им порача потполковникот Јакупи.
- Да живее АРМ, да живее Република Македонија, повторуваа едногласно младите војници по својот командант. Пред нивните родители, роднини, пријатели и старешините кои ќе ги обучуваат во наредните три месеци, свечено дадената заклетва од името на началникот на ГШ на АРМ и од свое име им ја честиташе заменикот на началникот на ГШ на АРМ, генерал-мајорот Азим Нуредин.
- Да се биде војник е посебна чест, со денешниот чин на давање на свечена заклетва вие се обврзавте дека ќе ги браните највисоките уставни и човекови вредности. Со овој чин вие го отпочнувате процесот на вашата обука, за што длабоко сум уверен дека успешно ќе ја завршите и ќе се приклучите кон генерациите кои успешно ја завршија обуката оспособени за одбрана на Р. Македонија. Служењето на воениот рок во АРМ за кој доброволно се пријавивте со сигурност ќе има големо влијание врз вашиот понатамошен животен пат, пред сѐ, заради искуството кое во наредниот период ќе го стекнете во армиската средина. Да се биде припадник на АРМ е доказ за вашата зрелост која ќе ја потврдите со завршување на обуката со успех. Во наредните три месеци од вас ќе се бара вложување на максимални напори за успешно совладување на борбените вештини, а со тоа и успешно совладување на вашата обука. Ќе поминете денови кои ќе бидат исполнети со интересни содржини од обуката која ќе ви биде пренесена од вашите искусни инструктори кои ќе ве научат на најдобрите воени вештини и ќе ви ги пренесат нивните знаења и најдобри искуства од војничката професија. Ви посакувам успешни војнички денови и постигнување на високи резултати во обуката, им порача генерал-мајорот Нуредин.
„Да живее АРМ, да живее Р. Македонија“, отпоздравија младите војници.
Од свечената бина се слушна командата: Командири, поведете ги единиците на потпишување на свечената заклетва, по што младите војници се упатија кон масите на потпишувањето на свечено дадената заклетва. Потоа на војниците им беше врачена заклетвата од нивните командири, а лично им честитаа нивниот командант на ЦИО, потполковник Арбен Јакупи и заменик-началникот на ГШ на АРМ, генерал-мајорот Азим Нуредин. Потоа нивните родители, баби и дедовци и останатите роднини и пријатели им честитаа и ги прегрнаа младите војници. По свеченоста младите војници добија викенд отсуство дома, а пред капијата на касарната ги чекаа нивните најмили да ги однесат дома и сите заедно да прослават со свечен ручек и да се радуваат на големиот чин на своите деца.
Имено, по завршување на тримесечната воена обука, тие ќе можат да конкурираат на конкурсите за професионални војници во АРМ, а ако се вредни и ако сакаат да учат и понатаму, со дополнителна обука и учење понатаму можат да станат и идни старешини на АРМ.

Антоанела Димитриевска



# Сојузничка команда за трансформации



Сојузничка команда за операции и Сојузничка команда за трансформација, заедно со Командата на сојузничките сили за операции, ја формираат Командната структура на НАТО, чија примарна функција е првенствено да обезбеди команда и контрола, потребни за справување со закани, а доколку не се одврати од насилството, тогаш следи вооружен напад врз територијата на нападнатата сојузничка држава или врз напаѓачот.
Двете команди се предводени соодветно од страна на врховниот командант на Сојузничките сили во Европа (Supreme Allied Commander Europe – SACEUR) и врховниот командант на Сојузничките сили за трансформација (Supreme Allied Commander Transformation - SACT). Со еден збор, двете команди играат важна улога во зачувување на кохезијата и солидарноста во рамките на Алијансата, во одржување и зајакнување на виталната трансатлантска врска со промовирање на принципот за еднаква поделба помеѓу сојузниците на улогите, ризиците и одговорностите, како и придобивките од колективната одбрана.

Воената командна структура на НАТО е составена од Сојузничка команда за операции и Сојузничка команда за трансформација. Сојузничка команда за трансформација (Allied Command Transformation – ACT) е една од двете стратегиски команди на чело на командната структура на НАТО. Таа се фокусира околу трансформацијата на НАТО, додека сојузничката команда за операции се фокусира главно на операциите на Алијансата

## Формирање и надлежност

Командата за трансформација е наследник на Командата на сојузничките сили на Атлантикот (Allied Command Atlantic - ACLANT), основана во 1952 година. Нејзината цел била да ги заштити морските линии на комуникација помеѓу Северна Америка и Европа, со цел да ги зајакне европските земји на НАТО со американските трупи во случај на инвазија од Советскиот Сојуз, односно земјите од Варшавскиот пакт во Западна Европа. Таа е формирана во 2003 година по реорганизацијата на Северноатлантскиот



образование и обука на НАТО и субјекти на национално ниво кои не се дел од командната структура, а се наоѓаат во состав на оваа команда, се на пример: Колеџот за одбрана на НАТО во Рим, Италија, Школата на НАТО во Оберамергау, Германија, Школата за комуникации и информациски системи на НАТО во Португалија (од 2016 или 2017 година – моментално е лоцирана во Италија) и Центарот за обука на НАТО за поморски операции во Грција.
Сојузничката команда за трансформација има силни врски со Пентагон и други американски воени ентитети, со националните команди и центрите на извонредност што се акредитирани во НАТО. Има

сојузнички командант за трансформација е генерал со четири ѕвездички, којшто е одговорен пред Воениот комитет за трансформација и развој на Алијансата. Сегашниот командант е францускиот генерал на воздухопловните сили Denis Mercier. Се избира на начин што се предлага од земја-членка на НАТО, а неговото назначување се одобрува од Северноатлантскиот совет на НАТО. Тој е еден од дваjцата стратешки команданти на НАТО.
Командантот помага да се даде приоритет на идните можности и барања за интероперабилност, ги канализира резултатите во процесот на планирање на одбраната и води напори за истражување на нови концепти




договор, односно реорганизацијата на командната структура на НАТО за време на самитот на НАТО во Прага во 2002 година. Ова довело до деактивирање на командата на сојузничките сили на Атлантикот и создавање на Сојузничката команда за трансформација, ефективна од 19 јуни 2003 година.
Сојузничката команда за трансформација има цел да ја воведе воената трансформација на силите и способностите на Алијансата, воената структура и доктрината на НАТО. Таа е насочена околу четири главни функции: стратегиско размислување, развој на способностите, образование, обука и вежби и соработка и ангажирање на силите. Сојузничка команда за трансформација насочува мал број на подредени команди и има силни врски околу обуките и тренингот на персоналот. Таа насочува три подредени ентитети како што се: Здружениот центар за војна во Норвешка, Центарот за обука на здружените сили во Полска и Заедничкиот центар за анализа и научени лекции во Португалија. Дополнително, другите објекти за

свои претставници во седиштето на НАТО во Брисел и во Пентагон. Оваа команда води многу иницијативи со главни одговорности кои вклучуваат образование, обука и вежби, како и спроведување на експерименти за процена на новите концепти и промовирање интероперабилност низ целата Алијанса. Командата е предводена од врховниот командант на Сојузничките сили за трансформација, кој ги извршува своите одговорности од седиштето во Норфолк, Вирџинија, САД. Оваа команда е единствената командна структура на НАТО во Северна Америка.

### Командант на Сојузничката команда за трансформација

Откако Франција се приклучи на воената командна структура на НАТО во средината на 2009 година, се случиле значителни промени. Имено, Франција одлучила целосно да учествува во структурите на НАТО по повлекувањето од интегрираната воена структура во 1966 година, а врховниот командант на сојузничката команда за трансформација станал француски генерал. Врховниот

и доктрини преку спроведување на експерименти, истражување и развој заради стекнување со нови технологии и способности. Врховниот сојузнички командант за трансформација им дава препораки на политичките и воените власти на НАТО за прашања поврзани со трансформацијата.
За секојдневното работење тој го известува Воениот комитет, составен од воени претставници за началници на одбраната на земјите-членки на НАТО. Тој има директен пристап до шефовите на одбраната и може да комуницира со соодветни национални органи, доколку е потребно, за да се олесни извршувањето на неговите задачи. Во соработка со Сојузничката команда за операции ги анализира оперативните потреби на НАТО. И, секако, овој командант е одговорен за програмите за обука и едукација на НАТО, кои се дизајнирани за да бидеме сигурни дека Алијансата има на располагање персонал обучен според стандардите на НАТО, способен ефективно да дејствува во заедничката воена околина.

Драган Павловски



# Вооружените сили на Холандија

**Холандската копнена војска** изведува копнени операции на сопствено тло и во странство. Составена е од 22.000 активен и 3.000 резервен персонал. Тие се оспособени за извршување на борбени задачи со цел одбрана на државата и одбрана во екстремни услови. Обезбедуваат и хуманитарна помош и поддршка за време на катастрофи. Задачи кои ги извршува се: одбрана на својата и на територијата на НАТО-сојузниците; мировни мисии; обезбедување хуманитарна помош и поддршка на локалното население и на локалните граѓански организации. Копнената војска се состои од: борбени единици, специјални сили, единици за борбена поддршка, единици за логистичка поддршка, Команда за обука и национална резерва.





извидувачко возило „Fennek“. Составот на механизираната бригада е: два оклопни пешадиски баталјони, тенковски баталјон, единици за борбена поддршка и единици за борбено-сервисна поддршка.
Холандија и Германија ја делат одговорноста за капацитетите на Корпусот за командување и контрола. Базиран е и подготвен за распоредување на територијата на сојузниците и надвор од неа, во рок од дваесет денови. Штабот се состои од повеќе од 400 воени и цивилни лица. Повеќето позиции подеднакво се поделени помеѓу армиите на двете држави. Околу 70 позиции се резервирани за воен персонал од други земји-членки на НАТО и на ЕУ. Штабот на Корпусот може да биде распореден за потребите на Силите за одговор на НАТО.
Командосите се специјална единица која се состои од пет чети кои располагаат со капацитети за воздушно и поморско десантирање, водење противтерористичка борба и други специјални задачи. Одговорни се за подготовка и спроведување на специјални операции и за извршување задачи во рамки на управување со кризи, како и за извршување специјални задачи во состав на сојузнички сили. Главно спроведуваат специјални операции кои се од стратегиско или оперативно значење, на територија која не е под контрола на пријателските сили. Главните задачи на командосите

Холандската армија е професионална од 1997 година и составена е од околу 36.000 активен персонал (вклучувајќи и 5.850 припадници на Кралската безбедносна служба) и 3200 резервен персонал

**Вооружување и опрема:** тенкови: „Leopard“; оклопни борбени возила: „CV9035“ (гасеничари); оклопни транспортери: „Boxer“, „Bushmaster“ и „Patria“; извидувачки возила: „Fennek“ и „Fuchs“; артилерија: топови 155 мм, минофрлачи 120 и 81 мм; противтенковски системи: MRAT (Spike наFennek) и Panzerfaust; ПВО-системи: „Stinger“ и беспилотни летала: „Aladin “и „SAGEM Sperwer“. Воздушнодесантната бригада се состои од: три воздушно-десантни баталјони, единици за борбена поддршка, единици за борбено-сервисна поддршка и група за авијациска поддршка. Војниците се движат пеш, со лесни теренски возила или со хеликоптери. Кога оперираат во содејство со хеликоптерската команда, ја сочинуваат Воздушно-маневарската бригада (AMB). Единицата е оспособена да спроведува мировни мисии, противтерористички операции за справување со кризи. Оваа високомобилна бригада може да биде распоредена насекаде во светот во рок од 20 денови, а помали состави на бригадата и во рок од седум денови. Војниците од составот на Бригадата носат црвени баретки, меѓународен знак за падобранци и се воздушно-распоредливи единици.
Во состав на копнената војска Холандија има две пешадиски бригади - една лесна и една механизирана оспособени за брзо распоредување на големи растојанија. Може да бидат распоредени за борба или во мировни операции, а може да бидат повикани и во случај на природни непогоди и катастрофи. Опремени се со пешадиско борбено возило „CV90“ со 35 мм митралез и со

се: специјално извидување: специјални мисии за извидување на непријателска територија со цел прибирање информации за евентуални закани или за ефектите од напад; директни акции: офанзивни дејства (заседи, саботажи и обележување цели); воена помош со цел обука или советување на сојузниците; антитерористички акции и операции за спасување. Командата за оперативна поддршка (OOCL) обезбедува оперативна поддршка на копнената војска со персонал и со опрема насекаде во светот. Командата обезбедува поддршка за време на мисии и на вежби. Во својот состав има стручни лица од областа на комуникациите, разузнавањето, инженерството, цивилно-воената соработка, логистиката и медицинската помош. Обезбедува поддршка и на

приватни лица и компании, како и во случај на природни непогоди,катастрофи и кризи. Во состав на Командата се: баталјон STAR - Surveillance, Target Acquisition and Reconnaissance, два баталјони за врски, инженериски баталјон, баталјон за цивилно-воена соработка - CIMIC, два баталјони за поддршка и транспорт, три чети за одржување, група за ПВО и медицинска група. Командата за противвоздушна одбрана е задолжена за заштита на виталните државни и сојузнички објекти и локации, единици и територија, со примена на противавионска и противхеликоптерска борба, како и одбрана од крстосувачки и балистички ракети.Командата е самостојна и во содејство со армиите од сојузничките држави, во рамките на НАТО и управува со разни системи за ПВО на територијата: Patriot, NASAMS, FennekStinger, TRML набљудувачки радар и др. Командата за логистика е одговорна за одржување на сите копнени системи на холандските вооружени сили. Таа е и центар за експертиза во областа на комплексното одржување на системите со кои е опремена армијата. Исто така, врши периодично одржување и големи и мали поправки на возилата со тркала, гасеничарите, на оружјето и на комуникациската опрема.

**Националниот резервен корпус** се состои од околу 3.000 резервисти. Тие ги извршуваат своите воени задачи покрај нивните занимања во цивилство или на студии. Службата за отстранување експлозивни направи (DEODS) е одговорна за откривање, идентификување и отстранување на конвенционални експлозиви и импровизирани експлозивни направи, на копно и под вода, во земјата и во странство. Се ангажира околу 2.000 до 2.500 пати годишно и во просек отстранува 25.000 парчиња експлозив. Се ангажира и доколку се пронајде сомнителен пакет во јавниот превоз, на аеродром, на улица или доколку рибарски брод во своите мрежи пронајде бомба или мина. Учествуваат и во мисии во странство.

**Кралската морнарица** е најстарата од четирите служби на холандските вооружени сили и ја сочинуваат Морнаричката флота, Маринскиот корпус со околу 3.000 маринци и одреден број крајбрежни објекти. Персоналот е распоредени во мисии, и дома и низ целиот свет, во интерес на безбедноста на море и од морето. Морнарицата е оспособена за самостојни и здружени операции со копнената војска, со воздухопловните сили и со Кралската безбедносна служба, како и со меѓународните сојузници. Извршува операции за управување со кризи, хуманитарна помош и помош при катастрофи.




Холандија се приспособува на НАТО-концептите во кои се нагласува важноста од формирање единици за брза реакција (Rapid Reaction Forces) и високо флексибилни капацитети. За исполнување на оваа мисија, холандските вооружени сили се засновани на мали, мобилни, професионални единици. Акцентот е ставен и на специјализирани мултинационални сили за брза реакција, како што се Германско-холандскиот корпус и Британско-холандската амфибиска единица, во рамките на „Admiral Benelux“



**Вооружување и опрема:** подморници класа „Walrus“; разорувачи: класа „ZevenProvincien“; фрегати: „Karel Doorman“; бродови за поддршка и за обука; амфибиски брод-носач на хеликоптери, оклопни возила и 600 војници; минополагачи: тип „Alkmaar“; хеликоптери: „SH-14D Lynx ASW“ и „NH-90“. Штабот на Морнаричката флота(NLMARFOR) е оперативната команда на поморската флота и на Маринскиот корпус. Тој има специјализиран персонал од различни области и составен е од воен персонал од други служби на вооружените сили, како и од странски воен персонал од земји-членки на НАТО. Соработува со вооружените сили на Алијансата и со воен персонал од други земји. Оваа меѓународна соработка ја сметаат за важна во фазите на подготовка и при извршување на многу операции. Маринскиот корпус е специјализиран за спроведување на специјални поморски операции, амфибиски пастоварувања на копно и експедициски копнени операции со лесни пешадиски единици. Маринците можат да бидат распоредени на подолго време, во секакви климатски и географски услови. Од бродовите на морнарицата се распоредуваат со помош на амфибии.Корпусот се состои од два марински пешадиски баталјони, амфибиски баталјон за борбена поддршка и амфибиски логистички баталјон. Корпусот е опремен со транспортери „BVS10 Viking“, „XA-188 Sisu“ и „BV206D“, минофрлачи 81 и 120 мм, и ПВО-систем „Stinger“. Адмиралитетот „Benelux“ е резултат на залагањата на холандската и на белгиската морнарица за интензивна соработка. Тој претставува комбинација на националните штабови на оперативната морнарица со заеднички персонал.Двете држави се согласиле за одреден број бродови и единици од составите на двете морнарици, со цел да бидат достапни за употреба од страна на Адмиралитетот и да работат заеднички во областа на обуката, заедничката набавка и одржувањето на бродови и логистика за истите.

**Воздухопловните сили** се модерен, високотехнолошки род на вооружените сили на Холандија, активни на глобално ниво. Тие имаат задача да го обезбедуваат воздушниот простор над Холандија, да им даваат поддршка од воздух на копнените и на поморските сили, да обезбедуваат помош при катастрофи и да учествуваат во мисии надвор од земјата. Ајндховен е домаќин и на Европскиот координативен центар за воздушен сообраќај (European Air Transport Coordination Centre-EATCC).




Холандската армија учествува со повеќе од 500 војници во операции надвор од државата:- во рамките на ОН: MINUSMA во Мали, UNTSO на Средниот Исток, UNDOF во Израел и во Сирија и UNMISS во Јужен Судан; во рамките на НАТО: „Resolute Support“ во Авганистан

**Вооружување и опрема:** борбени авиони: „F-16“, транспортни авиони: „C-130 Hercules“, „Fokker 50“, „DC-10“ и „Gulfstream IV“, авиони за воздушно танкирање: „KDC-10“, школски авиони: „PC-7 Turbo Trainer“, хеликоптери: „AH-62D Apache“, „SA-316 Alouette III“, „CH-47D Chinook“, „AB-412“, „AS-532U2 Cougar“ и „NH-90“, ракети „воздух-воздух“: AMMRAM, „Hellfire“, „Sidewinder“ и „Maverick“; ракети „земја-воздух“: „MIM-104 Patriot“ и „Stinger“.

**Кралската безбедносна служба** „Marechausse“ е задолжена за заштита на безбедноста на државата и надвор од неа. Припадниците на службата се распоредени на глобално ниво на локации од стратегиско значење. Тие се дел и од меѓународните полициски единици распоредени од НАТО. Се состои од: штаб, 25 бригади и центар за обука. Националната тактичка команда (NTC) претставува оперативен штаб на „Marechaussee“. Штабот ги прибира и ги анализира информациите од значење за извршувањето на задачите на службата и ги доставува истите до тимовите на бригадите во форма на работни налози.Под команда на Штабот се 25 оперативни единици - бригади на регионален принцип. 24 бригади се сместени во различни делови на државата, а една е стационирана на Карибите (на островот Аруба). Основни задачи кои ги извршува се: гранична контрола, обезбедување и надзор и меѓународни и воени полициски задачи. **Граничната полиција** врши проверка на лица на граничните премини и се вклучени во борбата против прекуграничниот криминал, во чувањето на европската надворешна граница на аеродроми, пристаништа и долж бреговите. Исто така, вршат мобилно следење на безбедноста на внатрешните граници на Шенген-зоната. Во рамките на обезбедувањето и надзорот, RNLM врши обезбедување на важни објекти и личности. Одделите за безбедност со висок ризик ги обезбедуваат објектите во државата со висок ризик од терористички напади и вршат безбедносна контрола во цивилните аеродроми.Бригадите и станиците на RNLM се во улога на полиција во сите сегменти на одбраната и сместени се во касарни, во вони воздухопловни бази и на пристаништа и имааат соработка со единиците на холандската армија во странство.

## Одбранбени прашања

Повеќе од десет години по ред, Холандија издвојува буџет за потребите на одбраната во висина од 1,3% од БДП. Скромните одбранбени буџети ја поттикнале воената соработка со Белгија и со Луксембург. Од 1995 година, белгиската и холандската морнарица делумно се интегрирале во согласност со договорот„Admiral Benelux“. Воздухопловните сили на Бенелукс за распоредување со посебни задачи – DATF, исто така обезбедуваат рамка за соработка меѓу трите држави. Ова им овозможува на релативно малите војски да се специјализираат и да споделуваат капацитети. Холандија, Белгија и Луксембург (Бенелукс), во 2012 година, се согласиле за понатамошно интегрирање на нивните вооружени сили. Во рамките на Договорот за соработка во одбраната, трите земји се согласиле да спроведат повеќе заеднички обуки, да ги стават на располагање аеродромите и да го зголемат бројот на комбинираните поморски операции.Од 2014 година започнала реализација на план за создавање на целосно интегрирана воздухопловна компонента на Бенелукс во наредните 10 години. Веќе во 2015 година тие се согласиле да ги споделат надгледувањето и заштитата на заедничкиот воздушен простор, а од 2017 година, започнале со следење на ситуацијата во заедничкиот воздушен простор. Луксембург, кој нема воздухопловни сили, се согласил да дозволи надлетување на авионите над нејзината територија. Својата прва заедничка набавка за потребите на одбраната, Бенелукс ја направиле во 2015 година, заеднички нарачувајќи опрема за модернизирани војници од израелскиот „ElbitSystems“. Договорот ги опфатил системите „SmartVest“.

М.С.



# Давид и Голијат



Оперативната вештина, меѓу другото, подразбира како војува една група, организација, војска, држава или сојуз на држави. Според Клаузевиц, во најопшта смисла војната е судир на волја, но во практичен контекст таа е судир на две (или повеќе) оперативни вештини. Завојуваните страни се подготвуваат, се организираат, се опремуваат и се обучуваат за водење на војна која е соодветна за нив и за нивното оперативно опкружување. Меѓу првите лекции по тактика на воената академија се учи дека „во предност ќе биде оној кој на противникот ќе му наметне сопствен начин на борба и бој“. Ова значи создавање на услови и состојби на боиштето да се практикува сопствената оперативна вештина, со цел да се направи противничката, несоодветна или помалку ефикасна. Најголем проблем за организираните војски е што нивната оперативна вештина е дизајнирана првенствено за борба против ист или сличен противник. Во многу случаи низ историјата,

Најголем проблем за организираните војски е што нивната оперативна вештина е дизајнирана првенствено за борба против ист или сличен противник. Во многу случаи низ историјата, помала сила (што не значи и помалку организирана) успевала да победи посилна сила. Овој феномен кога малиот Давид успева да го победи големиот Голијат најмногу е истражуван во случаи кога организирани војски се борат против бунтовништва





помала сила (што не значи и помалку организирана) успевала да победи посилна сила. Овој феномен кога малиот Давид успева да го победи големиот Голијат најмногу е истражуван во случаи кога организирани војски се борат против бунтовништва. Постојат повеќе фактори зошто навидум послабите бунтовништва ги исцрпуваат посилните организирани војски, но најчесто објаснување е постоење на надворешна помош. Оние бунтовништва кои добивале поддршка од страна, обично биле поуспешни од оние кои останале изолирани. Ова значи дека бунтовништвото е често продолжена рака на друга, организирана војска (држава), која ги користи бунтовниците како прокси-сила за да ги оствари своите политички цели. Затоа сè уште има несогласување околу дефинирањето на бунтовници и терористи. Бунтовник за еден, е терорист за друг.
Мислењето е поделено дали победите на бунтовништвата се исклучок или правило, но повеќето се сложуваат дека последиците од нивните победи се толку големи што во многу случаи го менуваат курсот на историјата. На пример, деколонизацијата во Африка и во Азија по Втората светска војна е направена со серија на војни за независност во кои победија бунтовништва. За разлика од конвенционалните војни, бунтовништвата често се прелеваат надвор од примарното војувалиште и затоа може да добијат револуционерен карактер. Тие се поблиску зависни од одредена идеологија, отколку конвенционалните војни на организирани држави кои повеќе се политички мотивирани. Притоа, населението е многу поважно, дури и пресудно за победа.

> Бунтовништвото доби посебно место како начин на војување во текот на 20 век. Ако се анализираат повеќе случаи, очигледно е дека не се работи за никаков феномен, туку за нужна опција Давид да му се спротивстави на Голијат

Сепак, практиката покажала дека посилната страна обично победува. Ова е гледиште на Калузевиц и е длабоко вкоренето во западната научна мисла. Според тоа, најсигурна државна стратегија е да се биде што е можно посилен. Победите на послабата страна се исклучоци и секогаш постои дебела причина за тоа. Обично се работи за посилна политичка волја кај бунтовниците или за недостиг од политичка волја на државата, подобра стратегија на бунтовниците и помош однадвор (најдобар пример за ова е Виетнамската војна). Надворешната помош е вообичаено најзаслужна за победа на бунтовнички движења, иако постојат ретки исклучоци, како војната за независност на Алжир во која бунтовниците беа изолирани. Тие не добиваа помош однадвор и воено беа победени но, сепак, на крајот извојуваа политичка победа над Франција. Модерните демократски држави имаат сè помала политичка толеранција за исцрпувачка војна против бунтовништва подалеку од својата територија. За разлика од минатото, јавното мислење е тоа кое ја обликува волјата на државата да интервенира подолго време на голема далечина. Ова наметнува воената организација да бара брзи решенија, кои се спротивни на бунтовничката логика за одолговлекување на војната. За западните држави, влијанието на очекуваните загуби врз политичката волја е функција која примарно зависи од цената на воената интервенција, шансите за успех и што се добива со тоа. На пример, во борбата против глобалниот тероризам, сè потешко е да се убеди јавното мислење дека



воената интервенција е неопходна заради безбедноста на државата. Напротив, сè пораширено е мислењето дека токму интервенцијата во трети земји е причина за зачестените терористички напади на европско тло. Одолговлекувањето на војната во Авганистан и состојбата во земјата денес, после 17 години, е доказ дека западните војски несоодветно се справуваат со бунтовништво. Жоминистичкиот научнотехнолошки пристап во војна, кој е својствен за западните држави, е дел од проблемот зошто модерните војски тешко се справуваат со нерегуларна тактика. Директниот конвенционален оперативен пристап се покажа како несоодветен во „мали војни“. Успехот може да е привремен и не обезбедува долгорочен мир и стабилност. Модерните западни војски се жртва на сопствениот конвенционален успех, но голема улога има и постојаното присуство на традиционалните конвенционални противници. Бунтовништвото отсекогаш било дел од



војувањето, бидејќи војната никогаш не била рамноправна. Но, за разлика од политичките бунтовништва во војните за независност на државите, денес сè повеќе станува уникатна идеолошката природа на конфликтот. Историски, на бунтовништвото било гледано како на отпор кон окупација, но денес добива друга форма. Поради постоење на механизми да се расчистат политичките и идеолошките несогласувања на мирен начин во рамки на меѓународното право и односи, бунтовништвото во сè повеќе случаи го губи статусот на правична борба. Ако на ова се додаде користење на методите на тероризам, некои бунтовнички групи се директно одговорни што на ваквите движења денес сè поретко се гледа како на ослободителни, револуционерни и правични.
Бунтовништвото доби посебно место како начин на војување во текот на 20 век. Ако се анализираат повеќе случаи, очигледно е дека не се работи за никаков феномен, туку за нужна опција Давид да му се спротивстави на Голијат. Објаснување за современото бунтовништво е предложено од германскиот филозоф Карл Шмит (1888-1985), според кој во текот на 19 век воената сила ја загубила својата релативна автономија во општеството, така што до средината на 20 век бунтовништвото како појава полека се претвори во прифатлив облик на војување. Според современата воена доктрина бунтовништвото се смета за еден вид на револуционерна војна. Меѓутоа, додека револуцијата е ненадејно, „случајно“ и брзо масовно движење (заговор или државен удар) во намерен обид за соборување на државното раководство, бунтовништвото е намерно, но не се случува набрзина. Тоа е долготрајна и систематска борба во која се постигнуваат повеќе посредни цели за на крај да се собори постоечката структура на моќ во државата.
За да се објасни зошто бунтовништвото има потенцијал да победи посилна војска, треба да се сфати вродената асиметрија меѓу двете страни во судир. Противбунтовничките сили имаат монопол врз материјалните средства, ресурси и легитимна моќ. Од друга страна, бунтовниците немаат материјална и легитимна моќ, но имаат предност со идеологија и отсуство на одговорност. Иако конвенционалните војски се моќни, тие се должни да го почитуваат законот за вооружен конфликт, редот и дисциплината, што во таков вид на „валкана војна“ ја ограничуваат нивната ефикасност. Бунтовниците имаат поголем мотив да се жртвуваат и често се впуштаат во тотална војна против окупациските сили. За разлика од нив, противбунтовничките сили водат ограничена војна. Бунтовниците се многу послободни во дејството бидејќи полесно ги кршат општествените норми и нивните ветувања во преговорите. Обично намерното прекршување на договорите им се препишува на непослушни фракции и на тој начин раководството на бунтовниците се оградува за да го задржи легитимитетот. Исто така, бунтовниците одлучуваат кога и каде ќе дејствуваат, бидејќи тие ја имаат иницијативата.
За да се спречи пристапот на бунтовниците кон населението заради набавка на ресурси потребни за нивно одржување, потребно е доминантно присуство на проитивбунтовничките сили во руралните области. Доколку војувалиштето не овозможува спојување на сите периферни области, региони и села со патна инфраструктура, недостиг на контрола на руралните

За да се спречи пристапот на бунтовниците кон населението заради набавка на ресурси потребни за нивно одржување, потребно е доминантно присуство на проитивбунтовничките сили во руралните области. Доколку војувалиштето не овозможува спојување на сите периферни области, региони и села со патна инфраструктура, недостиг на контрола на руралните области е сериозен пропуст и најчеста грешка



области е сериозен пропуст и најчеста грешка. Дополнително, за да се спречи вооружување на бунтовниците однадвор, неопходно е блокирање на сите канали и мрежи на нелегална трговија. Бидејќи во бунтовништво основен извор на помош е руралното население, во многу случаи тие употребуваат насилство и закани за да добијат помош и тогаш го ризикуваат легитимитетот.
Разликата меѓу бунтовничката и противбунтовничка борба е голема. Конвенционалните војски се потпираат на директен оперативен пристап, користат и зависни се од современо оружје и технологија, тежнеат кон брза победа, ја занемаруваат идеолошката димензија на борбата и упорно се фокусираат на уништување на бунтовничките воени капацитети. Од друга страна, бунтовниците се потпираат на индиректен оперативен пристап, помалку се видливи, тежнеат кон долга борба заради исцрпување, имаат трпение, не се толерантни кон законите и се фокусираат на уништување на противничката волја за борба. Последната разлика е најважна за да се сфати зошто се случува војските да губат против послаб противник. Додека Голијат цели да го уништи физичкиот центар на гравитација, Давид цели да го уништи моралниот центар на гравитација. Оттука се идентификува очигледната погрешна логика на противбунтовништвото, бидејќи Давид секако има помала физичка моќ и не зависи од неа, туку од моралната идеологија и поддршка од населението и надворешната поддршка.
Современите бунтовништва се принудени повеќе да се фокусираат на стекнување на меѓународен легитимитет и демонстрирање на овој легитимитет врз населението како морален центар на гравитација. Одредени тактички победи на боиштето имаат помалку влијание врз исходот на борбата во однос на времето и напорот потрошен за обликување на перцепцијата кај населението.
Најчест проблем за неуспех на бунтовничките движења е поделбата на фракции и нивна меѓусебна борба за превласт. Обично во таков судир страда населението, бидејќи секоја група се обидува да го придобие на своја страна. Се поставува прашањето зошто современите војски, ако ја знаат анатомијата на бунтовништвата, знаат дека населението е центар на гравитација, а легитимноста и владеење на територијата клучни за победа, и понатаму имаат потешкотии со победа врз бунтовничката тактика.
Едно објаснување е дека многу е тешко да се победи идеологија. Особено ако таа се храни со религија, национализам и ксенофобија. Друго објаснување е дека современите војски навистина мора да се воздржуваат од преголема употреба на сила. Само откако владата на Сирија доби гарантирана заштита од Русија, владините сили започнаа со нерестриктивно дејство кое од една страна предизвика голема колатерална штета и цивилни жртви, но од друга страна се покажа како успешна за уништување на бунтовниците. Секое сценарио е различно, но сириското покажува дека, сепак, доколку Голијат примени сè што има на располагање, Давид нема шанса да го победи. Без надворешна поддршка и интервенција на друг Голијат, бунтовниците со текот на времето ќе бидат победени. Знаејќи го ова, проблемската рамка за државите кога се впуштаат во противбунтовништво е морална дилема: како да не се извалкаат рацете во „валкана војна“ против противник кој нема проблем со кршење на законот за вооружен конфликт.

Ѓорѓи Вељовски



Современите бунтовништва се принудени повеќе да се фокусираат на стекнување на меѓународен легитимитет и демонстрирање на овој легитимитет врз населението како морален центар на гравитација. Одредени тактички победи на боиштето имаат помалку влијание врз исходот на борбата во однос на времето и напорот потрошен за обликување на перцепцијата кај населението





# Топографски карти

Топографските карти можат целосно и правилно да се искористат исклучиво ако се знае читањето на тие карти. Читањето на карта не претставува само распознавање на графичките знаци и симболи на карта, туку е потребно солидно познавање на знаците и симболите, и тоа претставува само еден од најважните услови за правилно и целосно читање и употреба на картите. Прегледни топографски карти се карти со размер од 1:200000 до 1:1000000. Тематски или специјални карти се оние карти каде некој од елементите на топографските или географските карти е особено истакнат во однос на останатите. Карта е специфична слика која според содржината и својствата се разликува од другите слики на земјишната површина (аерофото снимки, пејсажи, фотографии и др). Врз основа на размерот, топографските карти се делат на: топографски карти со крупен размер (1:25 000 и 1:50 000); топографски карти со среден размер (1:100000 и 1:200 000) и топографски карти со ситен размер (1:500 000 и 1:1000 000).Топографска карта со размер 1:25 000 е детаљна, додека карта со размер 1:50 000 е основна

Топографски карти се карти со размер 1:200000 и со покрупен размер кои содржат подетални информации и податоци (податоци за еквидистанција, релјефот е прикажан со изохипси, размерник, магнетна деклинација, координатомер и др.)

тактичка карта за вооружените сили. Топографските карти според намената можат да се поделат на: тактички, оперативно-тактички и оперативни.

## Топографски знаци

Со посебни знаци, картографски или топографски знаци кои се составени од линии, точки, правилни геометриски фигури, букви, зборови, разни симболични слики и др. се претставени елементите на содржината на топографските карти. Топографските знаци се разликуваат меѓусебно по обликот, бојата и димензиите. За поедноставно читање на елементите на содржината на картите и за подобра прегледност се применуваат различни бои. Според својствата и обликот топографските знаци се поделени во три групи: линиски, контурни и знаци во вид на слики и симболи. Со линиски знаци се прикажуваат правецот на протегање на линиските објекти или на некои правци на карта. Со контурни знаци се прикажуваат елементи коишто можат да бидат прикажани во размер на картата. Контурните знаци соодветно намалени според размерот ја имаат хоризонталната проекција на линиите на површината на дадениот објект на земјиштето. Со топографски знаци во вид на слики или симболи се прикажуваат детали и објекти кои се со мали димензии и не е возможно да се прикажат во размерот на картата и истите претставуваат симболичен цртеж, потсетуваат или, пак, се геометриска слика  на предметот од природата.

## Идентификација на топографски симболи (според боите на карта)

Вегетацијата на карта (грмушките, овоштарниците, дрворедите, лозовите насади, шумите, се прикажуваат со знаци кои одговараат на размерот на картата и покриеноста на земјиштето. Грмушки чија височина не е поголема од 3 метри се прикажуваат без контурни линии,

меѓутоа доколку се тие тешко проодни и густи можат да бидат прикажани и со контурна линија со зелена боја. Овошните насади се прикажуваат со контурни линии и со соодветен знак во размер на картата, додека лозовите насади се прикажуваат без контурни линии. Шумите најчесто се прикажуваат со зелено обоена површина која може да биде со или без контурна линија. Населените места се еден од основните елементи на топографските карти и тие имаат големо културно, стопанско и политичко значење, и гледано од воен аспект, тие имаат големо значење. Градовите и поголемите села се прикажуваат со контури каде раскрсниците, патиштата, улиците и други објекти се прикажани на точно на нивните локации (места). Поединечни и монументални објекти се прикажуваат детаљно и потполно, додека зградите како одреден блок. Во зависност од размерот на картата, односно со намалување на размерот се намалуваат и деталите во прикажувањето. Со соодветни знаци се претставени и комуникациите на карта. Од воздушните и водените комуникации на карта се претставени само оние објекти и елементи кои се видливи на земјиштето (полетувачко-слетувачки патеки, аеродроми, пристаништа). Автомобилските патишта на картите се претставени со две паралелни линии помеѓу кои е додадена соодветна боја (за споредни патишта се користи црна боја, додека за главни патишта црвена боја). Железничката пруга се прикажува со црна линија со напречни линии кои потсетуваат на прагови. Таканаречените специјални комуникации (гасоводи, нафтоводи, далеководи) се прикажуваат со линиски знаци е се лесно уочливи. На карта се прикажуваат и објекти од системите за врски и телекомуникации (предаватели, радио и телевизиски станици, релејни станици, сателитски бази).

## UTM (Universal Transverse Mercator) – координатна мрежа

UTM систем е стандард кој се применува на топографски карти во земјите-членки на НАТО. Целта на овој систем за обележување на точки и површини е да овозможи прецизно обележување на која било точка или површина на целата Земја без никакво описно објаснување за таа точка, каде таа се наоѓа. Карактеристики на UTM системот се: мерна единица – метар, ширински граници на системот до 80 степени северна географска ширина и до 80 степени јужна географска ширина и напречна Меркаторова проекција со шестостепенски должински зони. Меркаторовата проекција спаѓа во групата на конформни (аголни) проекции каде мрежата на напоредниците и меридијаните според оваа проекција има изглед на мрежа на нееднакви правоаголници. Екваторот се пресликува како права линија, додека паралелите како прави паралелни на проекцијата











на Екваторот на нееднакви меѓусебни растојанија. Според Меркаторовиот систем картите се делат на листови според линиите на паралелите и меридијаните и со тоа точно се одредува географската положба на просторот (земјиштето), кој е претставен на еден лист од карта и можноста за ориентирање на листовите според страните на светот. Секој лист на една карта има свој знак – номенклатура заради полесно пронаоѓање. На UTM-топографска карта 1:50 000 со броеви се прикажани информации, и тоа:име на листот: името се дава според називот на населеното место или најголемиот природен објект кој е прикажан на карта и се наоѓа во центарот на горниот дел и долниот лев дел на карта;број на листот: се наоѓа на горниот десен дел, долниот лев дел, како и во централниот квадрат на дијаграмот на соседните листови кој се  наоѓа на долниот десен дел на картата; име на серијата на карта: се наоѓа на горниот лев дел на картата;размер: се наоѓа во горниот дел, веднаш до името на серијата на картата и во центарот на долниот дел на картата; број на серија: се наоѓа на горниот десен и долниот лев дел на картата; број на издание: се наоѓа во најгорниот десен и најдолниот лев дел на картата; индекс на граници: се наоѓа на долниот лев дел на картата; дијаграм на соседни листови: содржи девет квадрати на кои се обележани соседните листови од картата; упатство за надморска височина: се наоѓа во долниот десен агол и во него се претставени надморските височини на тригонометриски точки, а со цел воочување на релјефните форми; дијаграм на деклинација: се наоѓа во долниот лев дел на картата и претставува однос помеѓу географскиот, магнетниот и вистинскиот Север (Северен пол); размерник: се наоѓа во центарот на долниот дел на картата и служи за конвертирање на измерените должини на картата во исти должини кои одговараат во природа; еквидистанца или елевација: се наоѓа на долниот дел на картата под рамерникот и го претставува вертикалното растојание помеѓу две соседни изохипси изразено во метри; елипсоид: се наоѓа на долниот дел на картата под еквдистанца и тој содржи параметри кои ги дефинираат x, y и z оските на Земјата;мрежна зона: се наоѓа на долниот дел на карта под елипсоидот и го означува бројот на меѓународна UTM мрежа;проекција: се наоѓа на долениот дел под бројот на зоната. Најпознати проекции се Гаус-Крајгергеровата, Меркаторовата и Ламбертовата проекција; вертикален датум: се наоѓа на долниот дел под забелешките за проекција и се употребува за мерење на елевација на точки на Земјата; хоризонтален датум: се наоѓа под забелешката за вертикалниот датум и се употребува за одредување позиција на површината на Земјата; контролна забелешка: се наоѓа на долниот дел под забелешката за хоризонтален датум и содржи податоци за специјални агенции вклучени во контрола на сите информации (технички аспект) на картата; забелешка за изработка: се наоѓа на долниот дел под контролната забелешка и дава податоци за агенцијата одговорна за изработка на картата; забелешка за печатење: се наоѓа на долниот дел под забелешката за изработка и содржи податоци за агенцијата која е одговорна за печатење и датумот кога е испечатена картата;забелешка на квадрантот: се наоѓа на центарот на долната страна на картата под забелешката за печатење и дава инструкции за составување на квадрантот; лого и симбол: се наоѓа на долната лева страна на картата (агенцијата што ја испечатила и изработила картата); легенда: се наоѓа на долната лева страна на картата и ни дава податоци за топографските симболи кои се користени на картата, со напомена дека не секогаш симболите се исти на различни карти; посебни забелешки: се наоѓа на долниот дел на картата и е еден вид на информација или изјава која се однесува на областа прикажана на карта (пр. картата се чита со црвено светло); забелешки на корисникот: се наоѓа на десниот долен агол на картата и служи за корегирање на грешките или за недостатоците на картата; идентификационен број е претставен со бројот на серијата, бројот на изданието и бројот на листот на картата; графикон за конверзација: се наоѓа на десната страна на картата и во него се претставени конверзациите на различни единици употребени на картата.

За припадниците на вооружените сили топографските карти се од особено значење во наставните, оперативно-евиденциони, научно-истражувачки, тактички, инжинериско-технички процеси и за планирање и решавање на разни командно-штабни и други воени задачи



## Употреба на топографски карти

Топографските карти имаат широка примена во области кои се врска со проучувањето, запознавањето, процената, анализата, користењето или уредувањето на земјиштето. Топографските карти во вооружените сили ги користат сите припадници (без исклучок) ,и заради нивната голема примена тие претставуваат: подлога и основа за планирање, следење, процена и анализа на ситуацијата на одредено земјиште во процесите за изработка на планови за дејство, наредби, одлука на командантот, разни извештаи, работни карти и други документи кои се изработуваат за време на подготовките и изведувањата на борбените дејства;извор на информации за меѓусебните односи, распоредот, поврзаноста и условеноста на физичко-географските и други објекти и појави на просториte каде се разместуваат, се обучуваат, дејствуваат и се употребуваат воените единици; основа за брза и точна ориентација на земјиштето во сите борбени и временски услови, за одредување на правци, координати, висини и висински разлики, хоризонтални и месни агли, растојанија, агли на наклон и други големини на земјиштето.

Марјан Кировски



# Во борба против беспилотните летала

Закаканата од беспилотните летала кои се употребуваат за нелегални цели - како што се терористички напади или шпионажа - го преплашија и цивилниот и воениот сектор. За да се спротивстави на злоупотребата на беспилотните летала, индустријата има направено мноштво системи кои можат да ги следат, да ги насочуваат и да ги неутрализираат таквите закани. Компаниите се обидуваат да ги продадат на владите и на приватните субјекти. Една таква компанија е „Dedrone“ со седиште во Сан Франциско. Компанијата се фокусира на откривање, идентификација и спречување на беспилотни воздушни системи и има инсталиран софтвер на 200 различни локации ширум светот. Производот веќе е на пазарот и користи повеќеслоен пристап за откривање на беспилотните летала. Првата линија на одбрана се сензори за радиофреквенции кои можат да покажат кога далечинскиот управувач комуницира со беспилотното летало и за кој систем се работи. Радиофреквентните сензори имаат опсег од околу 2 км. Компанијата обратно го процесуира протоколот за пренос и прави каталог на тие потписи. Таа, исто така, користи монтирани видеокамери за да ги забележи дојдовните беспилотни летала. Софтверот на компанијата бара движење или промени во видното поле на камерата. Во зависност од типот на употребената камера, може да обезбеди покриеност од 150 до 400 метри. Користејќи информации добиени од сензорите, софтверот на компанијата - „DroneTracker“, е во состојба да ги предупреди корисниците кога во

> Беспилотните летала во текот на изминатата деценија еволуираа многу брзу, првенствено за воени цели, а имаат примена и кај цивилните корисници за најразлични цели. Побарувачката за нив се зголемува како што паѓаат цените, а нивните способности постојано се зголемуваат

близина има беспилотни летала. „DroneDefender„ на компанијата „Battelle“ е пренослива платформа против беспилотните летала. Системот, кој наликува на пушка, може да се користи за да се наруши контролната врска помеѓу беспилотното летало и неговиот пилот. Системот е сместен во ранец во кој се сместени батеријата и електрониката на апаратот. „DroneDefender“ е наменет за владините корисници, бидејќи Федералната комисија за комуникации ги регулира фреквентните појаси кои системот ги прекинува за да го урне беспилотното летало.



Компанијата „DroneShield“ е уште еден конкурент на пазарот против беспилотните летала. Таа има три




главни производи „DroneGun“, „DroneSentinel“ и „DroneSentry“. „DroneGun“ е уред во облик на пушка кој испраќа сигнал за блокирање кој ја блокира врската помеѓу беспилотното летало и неговиот контролор. Системот овозможува беспилотното летало или да се врати на местото од каде што дошол или да слета на самото место, а работи и со беспилотни летала. Вториот систем познат како „DroneSentinel“ користи податоци кои се собираат од пет различни типови сензори - акустични, радарски, радиофреквентни, термички и оптички камери, за да ги алармира корисниците доколку во близина има беспилотни летала. Мултисензорот е најдобриот начин, бидејќи со тоа се минимизираат лажните аларми и се подобрува веројатноста за откривање. Компанијата неодамна понуди комплетен систем за откривање и неутрализација на беспилотните летала, наречен „DroneSentry“, кој ги комбинира технологиите позади „DroneGun“ и „DroneSentinel“. Системот е стационарна верзија на „DroneGun“, и работи автоматски, така што кога сензорот за откривање ќе открие дека беспилотно летало или рој беспилотни летала доаѓаат од одредена насока, тој испраќа сигнал до радиопопречувачот, кој се вклучува и го неутрализира беспилотното летало. Компанијата размислува за нови начини на имплементација на технологијата, вклучувајќи го и монтирањето на системот на возилото. Компанијата „Lockheed Martin“ исто така нуди производи што би можеле да се искористат во борба против беспилотните летала. Радарот „Q-53“ е дизајниран да ги види ракетите, артилериските и минофрлачките гранати во лет, да ја локализира позицијата на лансирање, да ја локализира позицијата на ударот и да обезбеди информации за предупредување до војниците на бојното поле. Системот е сигурен и ефикасен во борба уште од 2010 година во Ирак и во Авганистан. Друг, напреден систем со висока енергетска моќ на компанијата, наречен „ATHENA“, беше тестиран за мисии против беспилотни летала. Системот „ATHENA“ при тестирањето успеал да собори неколку беспилотни летала. Едно од решенијата на компанијата „Lockheed Martin“ е и системот „Icarus“ дизајниран да ги идентификува и да ги пресретне беспилотните летала, дозволувајќи им на операторите да ги оневозможат или да ја преземат контролата врз нив. Тој се базира на три елементи: откривање на заканата, потоа системот користи вештачка интелигенција и аналитика да утврди дека потенцијалната закана е всушност беспилотно летало, наместо птица, на пример. Овој елемент е клучен аспект на технологијата против



беспилотните летала, бидејќи му кажува на операторот што е заканата и му овозможува да одлучи за соодветен одговор. Системот е програмиран да препознае повеќе од 40 комерцијално достапни беспилотни летала. Со нивно карактеризирање врз основа на слика, радиофреквентен или акустичен потпис, во некои случаи може да се утврди за кој тип на беспилотни летала се работи. Ако операторот одлучи дека беспилотното летало претставува закана, „Icarus“ му обезбедува голем број алатки. Системот „Silent Archer“ е дизајниран да открива, да следи, да класифицира, да идентификува и да попречува непријателски беспилотни летала. Неговите операции можат да се поделат на три области. Првиот е „детекција“. Системот користи радар за набљудување на воздушниот простор, врши скенирање на воздушниот простор за ниски, бавни и мали воздушни цели, собира информации за радиофреквентните потписи, 3-Д локации итн. Заедно, овие технологии точно ги детектираат, ги следат и ги идентификуваат непријателските беспилотни летала за да се донесат ефективни одлуки во врска со заканите. Втората област на фокус е „одлучување“, за што системот користи податоци за радарски потпис и информации за електронски надзор за да овозможи позитивна идентификација на беспилотните летала како цел. Ова може да се подобри преку употреба на електрооптичка / инфрацрвена камера. Кога се прави визуелна идентификација, операторот со сигурност може да одлучува за тоа кои акции треба да преземат против заканата, доколку ги има. Конечно, третата област е „поразување“, кое може да биде на повеќе различни начини: на пример, да ги попречи комуникациските врски на беспилотното летало, па тоа да се врати во својата база или да изврши принудно слетување. Системот е така дизајниран што може да биде конфигуриран за употреба во различни улоги, вклучувајќи монтажа на возила наменети за распоредување во мисии, поставување на фиксна локација, или како пакет за брзи и кратки мисии. Производителот, исто така, се труди да интегрира нови технологии за понатамошно зголемување на можностите на системот.



Како што компаниите продолжуваат да ги подобруваат своите технологии, така тие гледаат кон нови можности за продажба на војската. Вооружените сили, особено на САД, ја изразуваат нивната желба да ги следат системите за борба против беспилотните летала. Така, тие со години се домаќини на вежбата „Црна стрела“ на која ја поканувaат индустријата да покаже дел од својата најдобра опрема. Во октомври 2017 година, армијата на САД ѝ додели на компанијата „Leonardo DRS“ договор вреден 42 милиони долари за систем за борба против беспилотни летала. Овој систем е интегриран во две оклопни возила со противминска заштита, кој вклучува систем за следење, надзор и извидување на бојното поле и реконфигурабилна платформа за интегрирано оружје. Вооружените сили низ светот често гледаат што прават САД пред да направат големи инвестиции. Бидејќи САД продолжуваат да тестираат нови технологии и да трошат пари, меѓународниот пазар многу внимава. Но, факт е дека САД навистина не се одлучија за решение за кое веруваат дека е вистинското. Компанијата „Dedrone“ го финализираше договорот со германската војска за својот систем. Компанијата, исто така, имаше голем број на разговори со Министерството за одбрана на Обединетото Кралство. Една област на можности е и Блискиот Исток, каде земјите во регионот се загрижени за беспилотните летала што би можеле да се користат за време на терористички напад и се обидуваат да воспостават систем за борба против овие летала.

Александар Стојчевски


ВОЕНА АКАДЕМИЈА
1995


SUMMER CAMPUS - MACEDONIA
26.06. - 06.07.2018

# „Patria Nemo“ – минофрлачки контејнер

Финската компанија „PATRIA“ е прва во светот која презентираше минофрлачки систем од 120 mm, интегриран во контејнер со стандардни димензии. Овој артилериски систем именуван како „PATRIA NEMO Container“ претставува комплетна единица која може самостално да дејствува на боиштето. По потреба на корисникот борбениот контејнер може да се постави на копнена позиција, а за поголема мобилност на соодветен камион, брз патролен чамец или на брод и борбено да дејствува од истите.
„Patria Nemo - Container“ е составен од следните главни елементи: контејнер кој овозможува оклопна заштита (на екипажот, на борбената купола и на муницијата), борбената минофрлачка купола NEMO, командно-управувачки пулт за командирот- нишанџија, магацин за безбедно складирање на минофрлачки мини, сопствен агрегат за елек.енергија и сплит-систем за климатизација со интегрирана АБХО-заштита. Произведувач на контејнерот е компанијата „Nokian Metallirakenne“ (по спецификација на PATRIA), која е задожена и за вградување на агрегатот за елек.енергија и сплит-системот за климатизација. Додека компанијата PATRIA е задолжена за инсталирање на борбената купола NEMO, магацинот за складирање на минофрлачки мини и позициите на екипажот, кои се составени од компјутери, контроли, кабелска инсталација и седишта. При проектирање на контејнерот извршено е структурно зајакнување на конструкцијата од сите страни со дополнителни носачи и попречни носачи, со цел ефикасно апсорбирање на оттргнувањето од минофрлачот при дејство. По желба на корисникот на контејнерот може да се постави балистичка заштита од челични плочи со дебелина од 8 mm до 10 mm или керамички плочи. Балистичката заштита од челични плочи може да ја зголеми тежината на системот за околу 3 тони. При борбено дејство кровот на контејнерот е 60 cm понизок од нормалните контејнери, но стандарната височина се постигнува при вообичаен транспорт, со додавање на транспортна покривка поставена на монтажна рам конструкција на горниот дел, овозможувајќи борбената купола да биде скриена. Контејнерот поседува една главна врата поставена од десната страна, еден отвор на кровот и една помошна врата за принудно напуштање на контејнерот (вградена на крајот од контејнерот). Екипажот е составен од 3 члена: командир-нишанџија и 2 полначи на минофрлачот. За потребите на командирот вградена е компјутерска управувачка конзола со џојстик, наменета за командување со безпосадната борбена купола, а двата војници-полначи на минофрлачот се позиционирани помеѓу магационот за 100-те минофрлачки мини и минофрлачката купола. На задниот горен дел од контејнерот е поставена веќе докажаната безпосадна борбена купола PATRIA NEMO, која е опремена со минофрлач (со мазна цевка), со калибар од 120 mm. Минофрлачот поседува цевка со должина од 3 m и може посредно и непосредно да дејствува на целта. Борбената купола има можност за ротација од 360°, а минофрлачот поседува елевација на движење од -3°/ +85°. Полнењето на минофрлачот се изведува комбинирано, т.е. мината рачно се внесува во лежиштето на електричниот/ полуавтоматски систем кој мината ја внесува од задната страна на цевката, односно минофрлачот поседува затворач. За намалување на оттргнувањето, минофрлачот користи хидропневматски систем. Од поставување на борбената позиција, до истрелување на првата граната, се потребни околу 30 секунди. Максималната брзина на стрелба на минофрлачот изнесува 10 гранати во минута, додека при долгоречно дејство се препорачува 6 гранати во минута. Постои и можност за брзо дејство од 3 гранати за време од 15 секунди. Минофрлачот има можност и за MRSI дејство, односно да се истрелаат до 5 мини, секоја со различна траекторија на движење, со цел едновремено да паднат во зоната на дејствување. Максималниот дострел на мините изнесува 10 km. Минофрлачот може да ги користи сите видови мини со калибар од 120 mm, наменети за дејство од минофрлач со мазна цевка. „PATRIA NEMO Container“ може да се користи во временски услови од -19°C до +49°C.

Ивица Дамески




**1.** Позиција на контејнерот преку која се товари и се растоварува од транспортното возило
**2.** Одвоен/ надворешен простор во кој се сместени генераторот за струја и надворешната единица на климатизерот (сплит-систем), опремен со филтри за АБХО-заштита
**3.** Позиција на командирот/ нишанџија
**4.** Отвор на кровот
**5.** Позиција на командно-нишанска конзола за управување со минофрлачот
**6.** Магацин за минофрлачки мини со капацитет од 100 мини
**7.** Безпосадна борбена минофрлачка купола „NEMO“




**8.** Позиција на електронскиот нишански систем во борбената купола

**9.** Минофрлач со мазна цевка, калибар 120 mm

**10.** Помошна врата за принудно напуштање на контејнерот

**11.** Дополнителна потпорна конструкција на страните од контејнерот

**12.** Позиција на полначот на минофрлачот

**13.** Оклопна плоча со дебелина од 8 до 10 mm

**14.** Основна конструкција на контејнерот

**15.** Врата на контејнерот

**16.** Дополнителна потпорна конструкција на кровот од контејнерот

**17.** Позиција за утврдување на транспортното возило

| ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „PATRIA NEMO“ МИНОФРЛАЧКИОТ КОНТЕЈНЕР | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 3 лица |
| ДОЛЖИНА | 6.058 mm |
| ВИСОЧИНА | 2.591 mm |
| ШИРОЧИНА | 2.438 mm |
| ТЕЖИНА НА КОНТЕЈНЕРОТ БЕЗ БОРБЕНА КУПОЛА | 6.600 kg |
| ТЕЖИНА НА КОНТЕЈНЕРОТ СО БОРБЕНАТА КУПОЛА, 100 МИНИ И 3-ЧЛЕНИОТ ЕКИПАЖ | 11.400 kg |
| **ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОРБЕНАТА МИНОФРЛАЧКА КУПОЛА „PATRIA NEMO“** | |
| ТЕЖИНА НА БОРБЕНАТА КУПОЛА | 1.700 kg |
| АЗИМУТ | 360° |
| ЕЛЕВАЦИЈА НА МИНОФРЛАЧОТ | -3°/ +85° |
| КАЛИБАР НА МИНОФРЛАЧОТ | 120 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА ОД МИНОФРЛАЧОТ | 3 m |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА СТРЕЛБА | 10 гранати во минута |
| БРЗИНА НА СТРЕЛБА ПРИ ДОЛГОРОЧНО ДЕЈСТВО | 6 гранати во минута |
| ДОСТРЕЛ | 10 km |



# „Стрела-10“

## Руски ракетен систем за ПВО со краток дострел

Системот „Стрела-10“ е развиен како наследник на ракетниот систем „Стрела-1“. Неговото производство започнува во 1973 година, а во служба на советската армија влегува во 1976 година. Основната верзија носи ознака „Стрела-10 СВ“, а НАТО-армиите го препознаваат под ознаката „SA-13“ или „Gopher“. Развојот на системот продолжил со текот на годините преку „Стрела-10М“, „Стрела-10М2“ и „Стрела-10М3“ варијанти кои, меѓу другото, воведуваат подобрување на радиокомуникациите и обезбедуваат подобра интеграција на сликата за ситуацијата во воздушниот простор.
Исто така, развиени се и подобрени ракети (9М37М и 9М333), а во септември 2007 година за прв пат беше прикажана варијантата со ознака „9К35М3-К“ или „Kolchan“, на московскиот аеромитинг „МАКС 2007“. Оваа варијанта на системот е монтирана на шасија со тркала на борбеното возило „BTR-60“.
Од 2012 година, во служба на Русија

> Ракетниот систем „9К35“ или „Стрела-10“ е високомобилен ракетен систем со краток дострел, наменет за противвоздушна одбрана од непријателски нападни средства од воздух на мали височини

се наоѓаа повеќе од 400 системи од семејството на „Стрела-10“. Во текот на 2016 година, руските вооружени сили воведоа во оперативна употреба 72 напредни мобилни „ноќни“ ракетни системи за ПВО со краток дострел „Стрела-10М4“. Овој ракетен систем масовно е извезуван во земјите на советските сојузници и во други земји, вклучувајќи ги: Авганистан, Ангола, Бугарија, Хрватска, Куба, Чешка, Словачка, Унгарија, Индија, Јордан, Либија, Македонија, Монголија, Северна Кореја, Полска, Сирија, Србија, Словачка, Јемен и други. По распадот на Советскиот Сојуз, овие системи за противвоздушна одбрана, освен во Русија, беа распределени помеѓу државите-наследнички, помеѓу кои и Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Украина, Грузија и други.
Како основа за развој на ракетниот систем „Strela-10“ се користи претходникот – „Strela-1“ (НАТО кодификација „SA-9“ или „Gaskin“). Овие два ракетни системи се поставени на различни оклопни борбени возила. Имено, „Стрела-1“ е поставен на шасија од оклопно возило „BRDM-2“, додека, пак, „Стрела-10“ користи шасија на повеќенаменското оклопно возило „MT-LB“. Оклопното возило „MT-LB“ има поголема носивост, што му овозможува на системот „Strela-10“ да носи осум ракети, наместо четири, што е случај кај „Strela-1“. Од вкупно осумте ракети кои може да ги носи „Strela-10“, четири се поставени на лансирната рампа - подготвени за





употреба, а останатите четири се носат во задниот дел на возилото. Се разбира дека ракетниот систем „Стрела-10“ има многу поголема способност од „Strela-1“. Ракетниот систем „Стрела-10“ во својот состав има посада од три лица (командир, оператор и возач). Нишанењето на целите е визуелно. Овој ракетен систем со краток дострел за противвоздушна одбрана може успешно да гаѓа авиони, хеликоптери и други визуелно видливи воздушни цели кои летаат на мали височини.
Ракетата за системот „Стрела-10“ има големи подобрувања во споредба со ракетата за „Стрела-1М“. Поради тоа, системот „Стрела-10“ може да гаѓа побрзи воздушни цели, на поголема далечина и на поголема височина. Ракетата за овој ракетен систем е долга 2,19 метри. Таа е малку подолга во споредба со ракетата за „Стрела-1М“, но го има истиот дијаметар и распонот на крилјата. Оваа ракета тежи 40 кг, а високоексплозивната боева глава содржи 3 кг експлозив. Ракетата има и оптички (фотоконтрастен) и инфрацрвен канал за наведување. Ракетниот систем „Стрела-10“ има способност да гаѓа непријателски авиони и хеликоптери на далечини до 5 000 метри и височини до 3 500 метри. Веројатност за уништување на борбен авион со една ракета е од 10 до 50% (зависно од повеќе фактори), а времето потребно за реакција на системот е околу 6,5 секунди. Овој ракетен систем на противвоздушна одбрана борбено е употребен во голем број жаришта низ целиот свет. Во 1988 година, англолски систем „Strela-10“ го собори јужноафриканскиот авион од типот „Mirage F-1“. Во 1991 година, за време на операцијата „Пустинска бура“, беа загубени два американски борбени авиони „A-10 Thunderbolt“, по огнено дејство од страна на ирачкиот систем „Стрела-10“. Во 2014 година, за време на тековниот воен конфликт во Украина, украинскиот извиднички авион „An-30“ беше соборен од страна на „Стрела-10“. Системот „Стрела-10“ се базира на повеќенаменското оклопно возило „MT-LB“. Тој се напојува со дизел-мотор „YaMZ-238V“, кој развива 240 КС и максимална брзина на пат до 60 км/h. Со едно полнење на резервоарот возилото поминува до 500 км. Оклопот на оваа возило обезбедува заштита на екипажот од огнено оружје со мал калибар и од артилериски шрапнели. Овој ракетен систем е вооружен и со 7,62 милиметарски митралез за самоодбрана при евентуален напад од земја. Ракетите за надополнување на системот се превезуваат на камион „Ural-4320“ со погон 6x6, опремен со кран.

## Варијанти

**„Стрела-10М“** е подобрена варијанта на „Стрела-10“. Оваа варијанта влезе во служба во советската армија во 1979 година. Неговата ракета има подобрен систем за наведување, при што ги разликува целите од инфрацрвените мамки.
**„Стрела-10М2“** претставува варијанта на понатамошниот развој на „Стрела-10М“. „Стрела-10М2“ може да добие податоци за воздушни цели од командните места на противвоздушната одбрана или од блиските радари. Веројатноста за уништување на борбен авион со една ракета се движи од 30 до 60%. Возилото е опремено со пловци од двете страни на трупот, што овозможува совладување на водени површини. Оваа варијанта е целосно амфибиска и може да совладува поголеми реки и езера. Амфибиска брзина на вода е 5-6 км/ч. „Стрела-10М2“ влезе во служба на советската армија во 1981 година.
**„Стрела-10М3“** е варијанта од понатамошен развој на „Стрела-10М2“. Оваа варијанта дополнително може успешно да гаѓа беспилотни летала и крстосувачки ракети. Ракетата има подобрена резистентност на непријателските контрамерки (мамки). Боевата глава содржи 5 кг експлозив, наместо 3 кг како кај претходните. Таа е поефикасна во борба против мали воздушни цели, како што се беспилотните летала. Овие ракети тежат 42 кг и се компатибилни со други верзии на „Стрела-10“. Системот „Стрела-10М3“ влезе во служба на советската армија во 1989 година.
**„Стрела-10М3-К“** е варијанта која е базирана на реновирана шасија на тркала од оклопното возило „BTR-60“ со погон 8x8.
**„Стрела-10М4“** е руска надградба на варијантите -10М, -10М2 и -10М3.
**„Стрела-10Т“** ја претставува белоруската надградба.
**„Luchnik-E“** претставува руска надградба. Има 8 ракети подготвени за употреба. Ракетите се со краток дострел од типот „Игла“.

Трајче Денчевски



# „IS-3“

## Советскиот тенк кој ја пропушти Втората светска војна

Тенкот „IS-3“ речиси и да нема видено борба. Советите го имаат употребено само во 1956 година за време на Унгарското востание. На 23 октомври Унгарците започнале да протестираат против нивната влада под контрола на Советскиот Сојуз. Протестите ескалирале во улични борби, а упатените оклопни советски единици во градот претрпеле загуби од страна на борците вооружени со гранати и молотови коктели. Жестоките борби продолжиле сè до 11 ноември, притоа жртвувајќи животи на 2500 унгарски војници и цивили и на 700 советски војници. Според советските записи, само еден тенк „IS-3“ бил непоправливо оштетен. Египет, исто така, ги користел овие тенкови. Тие поседуваа околу 100 тенкови од 1956 година па навака, и тие учествуваа во шестдневната војна против Израел во 1967 година. Неговиот дебел оклоп и масивната огнена моќ ги загрижуваа Израелците,

Тенкот „IS-3“ („IS-Joseph Stalin“) е тенк од класата на тешки тенкови развиен од страна на Советскиот Сојуз во текот на Втората светска војна. И покрај напорите на Советите, тенкот „IS-3“ пристигна премногу доцна за да биде во служба во текот на Втората светска војна. Првпат беше виден во јавност за време на сојузничката парада на победата „Charlottenburger Straße-Berlin“ во Берлин на 7 септември 1945 година, кога напредниот дизајн на новиот борбен тенк ги воодушеви западните сојузници

но застарените системи на тенкот и несоодветната обука и мотивација на египетските посади значеше дека не се распоредени во нивниот целосен потенцијал. Египќаните изгубија 73 тенкови, а многу од нив беа едноставно напуштени. Заробените тенкови беа преработени од страна на Израелците со мотори од „Т-54“ и ги користеа сè до раните 1970-ти години.

Првиот прототип ги започнал првите тестирања на 28 октомври 1944 година на Калмакските терени за тестирање и притоа биле откриени некои сериозни недостатоци и бил вратен во фабрика поради измени и модифицирање. Тестирањата продолжиле во ноември со вообичаеното патување од 1000 км, но повторно беа откриени сериозни проблеми, пред сè со трансмисијата и со моторот. Вториот прототип го замени својот В-11 дизел-мотор за В-2-IS, додека шасијата остана немодифицирана, но за малку подолга. Пробните тестови биле





направени во периодот од 18 до 24 декември 1944 година, но откриени се некои ограничувања кои требало да бидат надминати. Во меѓувреме CRI-48 специјалистите ги проучувале двата дизајни и предложиле да ги комбинираат специфичните предности, односно фронталниот оклоп „pike” (штука) на „Plant 100“ и новиот дизајн на куполата во облик како на куполите од фабриката „2CHKZ- Chelyabinsk Kirov Plant“. Завршниот проект бил наречен „Kirovets-1“ и директорот на „CHKZ“, I.M.Zaltsman, очекувал овој нов модел да биде испорачан пред финалната победа. По налогот број 729 од 16 декември 1944 година, фабриката требало да обезбеди 10 предсериски машини и истите да бидат испорачани пред 25 јануари 1945 година. Шасијата практично останала непроменета, иако дизајнот вклучувал два заварени делови, засилување за 6-те вообичаени двојни валјаци со индивидуална торзиона суспензија, 2 лизгачи кои дејствуваат како предни водилки и задните погонски тркала со отстранливи круни од по 14 запци. Сепак, како што е прикажано со спротивставените планови, јазот помеѓу поединечните варијанти е малку повисок. Имаше и три двојни валјаци на секоја страна. Гасениците исто така беа непроменети, и понатака со широчина од 160 мм. Голема промена сепак беше пронајдена во распоредот на предниот дел на трупот со таканаречен „pike nose“ (штука), сметајќи ги двете наклонети плочи под поголем агол на вертикалата. На врвот му е даден заден наклон, широки рамни траки кои се вклопуваа во куќиштето. Страните на трупот исто така во голема мера беа добро наклонети, со што се елиминираше претходната употреба за складирање на големите калници, иако тие сѐ уште може да се складираат внатре.

Во задниот дел единицата за пренос на моќ (трансмисијата) беше направена подостапна, возачот беше преместен на централната оска на тенкот. Главниот поклопец на врвот на куполата беше опремен со уреди за набљудување и имаше дополнителен отвор за принуден излез во долниот дел. Другата промена на која било од претходните дизајни била куполата. Таа била полукружна во облик на сад поголем од ширината на самиот тенк и преставувала изразен облик на тупаница. Оваа форма,



подоцна поедноставена, заврши како заштитен знак на сите советски тенкови од ерата на Студената војна, и до ден-денес е препознатлива кај последните руски основни борбени тенкови. Предниот дел на куполата беше потесен, сместувајќи го главниот топ во едно парче (а не заварен како кај претходните куполи). На задната страна е поставен овален дводелен поклопец. Командирската купола исчезна, ама е дизајниран нов прстен за подобар агол за оган за тешкиот противавионски митралез ДШКМ.
На десната страна се поставени перископи за гледање МК-4, а командирскиот отвор доби направа за гледање ТРК-1. Уште еден перископ МК-4 е поставен во горниот лев агол на кулата наменет за нишанџијата. Куполата е електрична, со максимална брзина на вртење од 12 степени во секунда. Заварени се десет рачки за држење, две хоризонтални во средината и четири вертикални во задниот дел на куполата за транспорт на пешадијата. Овој посебен дизајн имаше две заднини. Прво значително ја намали работната висина, особено за полначот, а нискиот профил исто така ја намали максималната пресија на главниот топ.
Вооружувањето го сочинува истиот 122 мм главен топ D-25T модел 1943, со

> Тенкот „IS-3" беше тенк на Студената војна, иста генерација како и британскиот „Centurion" и американскиот „Pershing". Сите три тенкови беа замислени да се борат против германските тенкови, но завршија на спротивните фронтови и имаа долга кариера во Студената војна

48 калибри, со двокоморна сопирачка и хоризонтален полуавтоматски затворач. Нишанската далечина (со TS-17) е 5000 метри. Сепак, стапката на оган беше 2-3 проектили во минута, што сѐ уште е во голема мера инфериорен во однос на германските и западните основни борбени тенкови воопшто. Освен тоа типовите на раздвоена муниција се состоеја само од 28 проектили, од кои 18 HE и 10 AP проектили. Тука е и секундарното вооружување ДТ (Дегтярёва танковый) митралез, фиксиран веднаш до топот.
Моторот е 12 цилиндричен, четиритактен V тип на дизел-мотор V-2 IS-3, кој дава 520 кс при 2200 вртежи во минута. Се напојува со два внатрешни резервоара од 450 литри, со внатрешен сигурносен систем за заштита од пожари кој се активира однатре и вообичаените четири надворешни странични резервоари плус два мали резервоари на задниот наклон каде вообичаено се чува и челичен кабел. Старата трансмисија е со „multi-plate" фрикциона спојка, со осум степени на пренос.
Бидејќи тенкот „IS-3" се разликуваше во многу поенти од претходните дизајни, за прв пат беше потребно големо преуредување. Тоа одземаше време, дури во мај 1945 година првите три возила од пред серијата излегоа од фабриката како веднаш би се упатиле во акција во Германија во рацете на независниот Гардиски баталјон. Меѓутоа, кога пристигнале, мирот веќе бил потпишан. Гласините за нивната борба со изолираните тенковски единици од 653 тежок германски оклопен баталјон после предавањето остануваат непотврдени од многу извори. До инвазијата на Манџурија во август, уште многу „IS-3" беа подготвени, но нема доволно докази дека учествувале во овие настани. Тенкот „IS-3" беше тенк на Студената војна, иста генерација како и британскиот „Centurion" и американскиот „Pershing". Сите три беа замислени да се борат против германските тенкови, но завршија на спротивните фронтови и имаа долга





кариера во Студената војна.
Меѓутоа Сталин имал други планови за овие тенкови, парадирајќи гордо на воената парада на 7 септември 1945 година во Берлин. Сите тие припаѓаа на 71. гардиска тешка тенковски регимента од 2. гардиска тенковска армија. Тие, исто така, парадираа во Советскиот Сојуз на 7 ноември 1946 година, и на Црвениот плоштад наредната година.
Експертската евалуација на тенкот „IS-3“ беше многу повисока од реалните способности на тенкот, бидејќи Сталин беше зафатен од стандардните и никогаш решени прашања што останаа од застарената и проблематична трансмисија наследена од KV-1, нови прашања предизвикани од усвојувањето на лошо адаптираниот тежок топ (со премалку муниција и многу ниска ставка на испукување). Соединението исто така беше проблематично, страничните елементи на задниот дел на трупот заварени околу просторот за моторот со тенденција да напукнат. Како последица на тоа, производството беше прекинато летото 1946 година и на крајот запре на 2311 произведени тенкови.
Првите чекори кон модернизација (IS-3M) се воведени во 1948 година со засилените носачи за моторот, модифициран менувач, зајакната плоча под куполата, подобрен дизајн на главната спојка, подобар заптивач и главни погонски тркала. Радиото, исто така, е модернизирано, но тежината на крајот се зголеми на 49 тони. Вториот бран на надградби дојде во педесеттите години, со зголемена ригидност на трупот, преку воведување на крути метални прачки во задниот дел на трупот и прицврстување во подот и на дното на менувачот.
Митралезите се заменети со ДШКМ (Дегтярев-Шпагин Крупнокалиберный модернизированный) и ДТМ (Дегтярева танковый модернизированный).
За командирот е обезбеден нов ротирачки отвор со поклопец, додека за возачот е монтиран уред за ноќно гледање TVN-2. Моторот исто така е променет за В-54К-IC кој обезбедува 520 hp, Останатите модификации вклучуваа модифициран систем за подмачкување, систем за ладење и грејач NICS-1 со електричен погон, појачано лежиште за валјаците и мрзливците и двожично коло за итно осветлување на електричниот систем. Системот за контрола на огнот беше целосно модернизиран заедно со ситемот за комуникација со вградено радио R-113 и интерком Р-120. Во текот на 1970-тите и 1980-тите години тенкот IS-3M целосно се става во активна резерва, а потоа во складиштата.
Тенкот „IS-3M“ учествуваше во настаните во Одеса во 1948 година а подоцна и во Унгарската револуција во 1956 година. Останатите земји од Варшавскиот пакт добија тенкови „IS-3“, како Полјаците (два за испитување) и Чесите (еден за военото училиште) и „придружните народи“ на Блискиот Исток, како Египет, кој доби околу 100 „IS-3“ и 60 „IS-3M“ кои учествуваа во војната во 1967 година, од кои дел се уништени со напалм-бомби од страна на бомбардерите на израелските одбранбени сили.
Со произведени 2311 тенкови, во историјата тенкот „IS-3“ ќе биде запаметен како тенкот кој ја пропушти Втората светска војна.

Идриз Идризоски



| ОСТАНАТИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ НА ОВА БОРБЕНО ВОЗИЛО СЕ: | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 9,85 метри |
| ШИРОЧИНА | 3,09 метри |
| ВИСИНА | 2,45 метри |
| ТЕЖИНА | 45,7 тони |
| МАКСИМАЛНАТА БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ | 40 км/ч (25 mph) |




# ХЕЛИКОПТЕР „AW119 Koala“

„Agusta Westland AW119 Koala“ е релативно нов хеликоптер со прв лет во 1995 година, а со употреба од 2000 година. Наменет е за цивилни и воени потреби. Првиот комерцијален примерок бил доставен до една австралиска логистичка компанија. Хеликоптерот влезе во производство како „A119“ во период додека „Agusta“ заздравуваше од финансиски проблеми кои речиси ја исфрлија компанијата од бизнисот. Заклучно со 2014 година, речиси 250 парчиња „AW119“ хеликоптери се порачани во повеќе од 30 земји со над 100 корисници.

Компанијата „Leonardo-Finmeccanica“ односно „Finmeccanica“ е глобална високотехнолошка компанија и е еден од клучните играчи во воздушната, одбранбената и безбедносната сфера. Со седиште во Рим, компанијата има 180 подружници во светот. Таа е деветтата по големина компанија во светот врз основа на приходите од пред некоја година. Компанијата делумно е во сопственост на италијанската влада преку Министерството за економија и за финансии, која поседува 30,2% од акциите на компанијата и е нејзин најголем акционер. На 1 јануари 2016 година, „Leonardo-Finmeccanica“ стана единствена индустриска компанија преку интегрирање на активностите на нејзините подружници „AgustaWestland“, „Alenia Aermacchi“, „DRS Technologies“, „Selex ES“, „Oto Melara“ и „WASS“. Таа е организирана во седум одделенија (Helicopters, Aircraft, Aerostructures, Airborne & Space Systems, Land & Naval Defence Electronics, Defence Systems, Security & Information Systems).

Хеликоптерот „Agusta Westland AW119 Koala“ е повеќенаменски хеликоптер од италијанско потекло, произведен од компанијата „Леонардо“. Тој е развиен од структурата на хеликоптерот „A109“, а од него се разликува по однос на тоа што поседува поинаков стоен трап (скии наместо тркала), подолг труп и е со пониска цена на чинење. „AW119 Koala“ пренствено се употребува за мисиите од типот: барање и спасување, медицинска евакуација, извидување, транспорт на патници и лесен товар, гасење на пожари, за потребите на нафтените компании и за потребите на владини активности и задачи

На хеликоптерот е вграден носечки ротор со 4 лопатки, редукторот е изработен од титаниум, а краците/лопатките од композитни материјали. Хеликоптерот е управуван од 1 до 2 пилоти и може да понесе шест до седум патници, односно 1000 кг товар. Во спасувачки мисии може да понесе две носилки со три медицински лица. На хеликоптерот е вграден еден турбомлазен мотор Pratt & Whitney PT6B-37, кој важи за еден од најдобрите мотори во својата класа.

Во април 2007 година, варијантата „AW119Ke“ („Koala Enhanced“) беше официјално претставена на манифестацијата „Heli-Expo“. Промените вклучуваат модифициран дизајн на роторот со зголемени вртежи на истиот, зголемувајќи го товарот и високите перформанси. Флексибилноста на кабината била исто така подобрена. Трупот на „AW119“ бил произведен од






страна на „PZL Swidnik“ од Полска, која подоцна станала подружница на „AgustaWestland“. Финалното склопување и друга производна активност првично се реализирале во Вергијат, Италија, сè до моментот кога подобрената „AW119Ke“ варијанта започнала со производство. Оттогаш линијата на производство се изведува во објект на „AgustaWestland“ во Филаделфија, САД, со годишен промет од околу 20-30 хеликоптери. Иако „AW119“ е хеликоптер со еден мотор, „AgustaWestland“ го промовира овој модел кој поседува одлични квалификации за летање со високо ниво на контрола, маневрирање и безбедност. Според „Flight International“, „AW119“ е хеликоптер со конкурентна цена и обезбедува добри нивоа на пристапност, одржливост, удобност, брзина и прифатлив ниво на бучава.Композитните ротори се дизајнирани за да произведат максимална поткревна сила со минимална бучава. Лежиштата не бараат посебно подмачкување. Алуминиумските саќести структурни панели се користат за апсорпција на бучавата и вибрациите. „AW119“ поседува двојни независни системи, како што се хидрауликата и системи за зголемување на стабилноста. Редукторот има можност за работа на суво во времетраење од 30 минути.

Широк спектар на авионика е интегрирана на моделот „AW119“. Првичните модели на производство вклучуваа конвенционални инструменти за летање. Системот „Garmin G1000“ е интегриран во новата AW119Kx-варијанта, за која се тврди дека има подобрена ситуациона свесност, го намалува обемот на работа на пилотот и ја зголемува безбедноста. Сите клучни информации се прикажуваат на пилотите преку два големи мултифункционални дисплеи со еден независен придвижуван дисплеј во случај на откажување на главните дисплеи. Новите дисплеи отстраниле десет инструменти од таблата со инструменти.

Постојат други сложени системи што се користат во хеликоптерот: Aircraft flight control system, Synthetic vision system, Moving map display, Radio altimeter, VOR/ILS/GPS/WAAS navigation, Electronic engine control system, Emergency locator transponder, Flight director, Radar altimeter, Stability augmentation system/auto pilot, Cockpit voice recorder, Weather radar, Health usage monitoring system, Flight data monitoring и Helicopter terrain avoidance warning system. WAAS navigation во суштина е систем на сателити и копнени станици кои обезбедуваат корекции на GPS-сигналите, со уште поголема точност на позицијата подобра од 3 метри. Разновидната опрема може да биде инсталирана, зависно од изборот и улогата на операторот. Опремата вклучува: надворешна дигалка, двојна карго кука, двојна контрола на летање, продолжување на багажниот простор, снежни скии, бришачи на ветробранско стакло, како и засилено ветробранско стакло, кочница на роторот, слушалки за намалување на шумот, звучна изолација, кислородни системи, светла за пребарување, опрема за итно спуштање со јаже, систем за заштита од удар на жица и инфрацрвена камера за напредување.

Од своето воведување „Agusta Westland AW119 Koala“ разви репутација како еден од најбезбедните хеликоптери во својата класа. Прекарот „Volvo of light helicopters“ од страна на операторите и техничарите се покажал како оправдан откако оваа платформа изложена на екстремни услови и оперативни ангажирања се покажала успешно.

Драган Павловски

| ТЕЖИНИ | |
|---|---|
| ПРАЗЕН | 1,430 кг |
| МАКСИМАЛНА | 2,850 кг |
| КОРИСНА | 1,420 кг |
| **ПЕРФОРМАНСИ** | |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 280 КМ/Ч |
| КРСТОСУВАЧКА БРЗИНА | 260 км/ч |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА ВО КАЧУВАЊЕ | 588 м/мин |
| МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ЛЕТ | 4,785 м |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 887 км |
| ТРАЕЊЕ НА ЛЕТОТ | 5 Ч |
| ВКУПНО ГОРИВО | 870 Л |



# Трговија со луѓе – индикатори, трендови, облици и предизвици

Трговијата со луѓе е форма на организиран криминал кој ги нарушува уставните и законските начела и стандарди на едно современо демократко општество.
Трендовите се менуваат преку најразличните форми и облици за експлоатација на жртвите и имаат различна динамика која го поткопува владеењето на правото и поттикнува други транснационални криминални активности, со што се загрозува јавната и национата безбедност.

**Цели и облици на трговија со луѓе:**
1. *Трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација*
2. *Трудова експлоатација-трговија со жени/деца со цел питачење*
3. *Трговија со луге за криминални цели*
4. *Договорни –присилни бракови со лица од странство*

Целите и облиците на трговијата со луѓе се различни, а трговците може да бидат дури и пријатели и роднини на жртвата, во одредени случаи и родители, поединци или екстензивни криминални мрежи. Макроа, банди, работодавачи, сопственици на мали или на големи бизниси. Нивната заедничка особина е подготвеноста да ги искористуваат луѓето заради профит со користење на различни контролни тактики, вклучувајќи физичка и емоционална злоупотреба, сексуално насилство, конфискација на пари и идентитет, изолација од пријатели и семејства, па дури и преименување на жртвите.
Со цел да создадат зависност но и да наметнат контрола, се служат со ветувања насочени кон решавање на потребите и проблемите на жртвите. Како резултат на тоа, жртвите се плашат да заминат или да пријават, претрпувајќи психолошки трауми, срам или физички закани.

Трговијата со луѓе претставува најсурово кршење на човековите прва и слободи и глобален феномен на кој ниту една земја не е имуна. Жртвите на модерното ропство се експолоатираат во секој регион, иако проблемот е со глобален дострел, присутен е и на локално ниво. Неговото решавање бара сериозен пристап, но и сеопфатен развој на алатките и методите за превенција

Привлечени од лажни ветувања за профитабилна работа, стабилност, образование или љубовна врска, жртви на трговија со луѓе може да бидат мажи или жени, возрасни или деца, странски државјани или државјани во матичната земја.
Во однос на ранливоста, жртвите имаат различни етнички и социо-економски потекла, различни нивоа на образование и може да бидат документирани или недокументирани. Лица кои спаѓаат во категоријата на зголемена подложност, влијание и виктимизација од трговците се беглаците и бездомните лица, како и жртвите на семејно насилство, сексуално насилство, социјална дискриминација, војна или конфликт. Притоа, широка е палетата на предизвици со кои се соочуваат жртвите, и тоа од нехумани работни услови и место на живеење, слабо или нарушено ментално и физичко здравје, абнормални навики и секако изгубена контрола врз својот живот и непоседувањето на лични документи. Од девојка присилена на проституција, работници на градилиште без лични документи, до адолесцент откриен во кујната на ресторанот, кој е во странска држава истовремено уценуван, сите жртви споделуваат основно искуство : губење на слободата.





## Облици на трговија со луѓе и специфични индикатори :

**1. Трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација:**

– жртвите се најчесто женски лица под 30 год;
– престојуваат во угостителски објекти каде што се принудени да даваат сексуални услуги;
– имаат здравствени проблеми.



**2. Трговија со луѓе со цел трудова експлоатација:**

– жртвите работат во сточарски фарми, земјоделски или градежни работи, плантажи, текстилна индустрија, фабрики, погони, рудници, приватни домови, угостителски објекти;
– работат во особено тешки услови и без соодветна заштита при работа;
– немаат можност слободно да се движат;
– работат поголем број на часови без паузи, без слободни денови и права кои ги следуваат доколку остваруваат нормален работен однос;
– личните документи им се кај работодавачот.

**3. Трговија со луѓе со цел питачење и криминални цели:**

– лица на различна возраст, особено деца или возрасни лица со хендикеп, мигранти;
– питачат без разлика на временските услови;
– принудени се на кражби и друг криминал;
– имаат видливи знаци од физичко насилство и повреди.

**4. Договорни –присилни бракови со лица од странство:**

– Најчести жртви се деца кои преку родители, роднини и други лица се принудени на брак;
– на нив се забележуваат знаци од физичко и психичко насилство;
– подложни се на повеќе видови на експлоатација, особено сексуална, питачење, „слугување“.

На глобално ниво според статистиките од Меѓународната организација на трудот (International labor organization) 40,3 милиони луѓе се жртви на модерното ропство, од кои 81% се жртви на принудна работа, при што 75 % од жртвите се жени и девојчиња, односно 25% од нив се деца.
Сиромаштијата, нестабилната екомномска, политичка и социјална состојба се поттикнувачки фактори и носители на нови видови и трендови на трговија со луѓе, но со меѓусебна поддршка и соработка помеѓу институциите, владините и невладините организации може да се подигне свеста за борбата и справувањето со трговијата со луѓе, заштита на жртвите и високи казни за сторителите.
Превенцијата, идентификацијата, помошта, поддршката, заштитата, како и враќањето и реинтеграција на жртвите, се пресудни за воспоставување на баланс во општеството на национално, на регионално и на меѓународно ниво.

м-р Панде Димоска



# КОНФЛИКТИ
# Како да се водат разговори за да се одбегнат конфликти

Разговорот треба да се започне со доза на љубопитност и почит и да не се грижиме што ни се допаѓа, а што не. Имено, луѓето што знаат како да одбегнат конфликти честопати се загрижени поради нивната особина за угодување. Иако, сосема е во ред да се има желба да му се допаднете некому, тоа не е секогаш најважното нешто. Треба да се проба да се разговара отворено и да се покаже искрена желба да се научи нешто. Потребна е една доза на љубопитност и почит како за себе така и за другите. Вистинското почитување и ранливоста вообичано резултираат во меѓусебно почитување и заемна ранливост. Односно, треба да се почитува размислувањето на другата страна, но и да се очекува респект во однос на

Избегнувањето или одложувањето на еден тежок разговор може да им наштети на нашите релации, а и да има други негативни резултати. Притоа, можеби и нема да се чувствуваме природно, особено ако се плашиме од несогласувања. Но, човек можете и да се научи да се „нурне“ во „тешки“ разговори така што едноставно ќе ги преиспита сопствените мисли и размислувања







нашето размислување. Потребно е да се фокусираме на она што го слушаме, а не на она што го кажуваме. Луѓето кои бегаат од конфликти честопати трошат многу време да ги резимираат своите мисли. Иако можеби изгледа како корисна подготовка, фактот дека премногу се размислува едноставно ги преокупира нашите мисли во текот на целиот работен ден, а понекогаш и доцна во ноќта. Инаку и тешки разговори ретко се одвиваат според планираното. Затоа, има потреба да се ослободиме од притисокот. Всушност, и не треба да се зборува многу за време на еден тежок разговор. Наместо тоа, потребно е да се фокусираме на слушање, размислување и следење. Така на пример, ако некој член на тимот пропушти некој рок, треба да му се пристапи со поставување на неутрални, поддржувачки прашања: „Гледам дека проектот е задоцнет. Кажи ми за предизвиците со кои се соочуваш“. Потоа слушај. Пауза. Покажете дека сте заинтересирани и проактивни. Соберете колку што е можно повеќе детали, односно информации и поставувајте прашања без да обвинувате, бидејќи вашето вистинско внимание и неутралност ги поттикнуваат луѓето да објаснуваат. Притоа обидете се да потврдите дека правилно ги разбирате. Треба да се обидеме да водиме искрена дискусија во којашто двете страни искрено зборуваат за деталите поврзани со некое прашање. Искрените разговори исполнети со доза на почит ги подобруват односите, дури и кога разговорите се тешки.

Постојат ситуации во кои треба да се земат предвид и разликите во културата или карактерите на личноста. Иако вашата култура може да е „избегнувач“ на конфликти или да не ја цени директноста, сепак можете да се вклучите во „предизвикувачки“ разговори. Во овие случаи, наместо да бидете премногу директни, покажете доза на почитување. Притоа, ако лицето со кое разговарате изгледа како да не ве разбира, замолете го да потврди што разбрало од она што сте го споделиле. Така, со навраќање на одделни делови од разговорот можете да ја приспособите вашата порака и да бидете сигурни дека конфликтот се движи кон решавање. Овој стил на комуникација е отворен и има повеќе шанси да одбегне конфликт. Не ги одложувајте работите. Колку често вашата рекација на конфликт е нешто во стилот како „не сакам да зборувам за тоа” или „тоа не е толку голема работа“ или „не вреди да се расправа“. Наместо да го одложувате разговорот за некое идеално време за во иднина, кога може полесно да се справите со него, сепак подобро е „да ги ставите картите на маса“ за да можете да го решите проблемот и да продолжите понатаму. Можеби и не изгледа многу добро додека разговарате да излезете надвор од канцеларијата, но честопати тоа е токму она што е потребно. Дајте си на себе или на вашиот колега малку време за да се оладите, се рабира ако за тоа има потреба. Но, тогаш разговарајте и направете план да продолжите со разговорот. По сите ментални гимнастики на бесконечно вежбање на можни разговори во вашата глава, ангажирањето во двонасочен разговор всушност може да доведе до инспиративна и продуктивна дискусија исполнета со почитување. Избегнувајте да влегувате во конфликти и да велите: „Ова ќе биде катастрофа“. Наместо тоа, кажете: „Ова ќе резултира во подобрени релации“. Имено, ако се фокусирате на долгорочните придобивки што разговорот ќе ги создаде за врската, а и кога вашето внимание е насочено кон позитивни резултати и придобивки, вашиот соговорник ќе го смени процесот на размислување и внатрешниот дијалог во едно поконструктивно место. Како резултат на тоа, ќе се чувствувате пријатно дури и да му се приближите на соработникот кој постојано критикува и се жали. Исто така, не треба да се игнорираат тешките ситуации за кои веќе сте слушнале, туку, кога ќе добиете можност разговарајте и поттикнувајте ги соработниците да соберат храброст и да се справат со конфликтот.

## Четири начини да се справите со „токсичен“ колега

Во последно време многупати слушаме дека има „токсични“ соработници и членови на тимови. Ова и не е нешто ново бидејќи отсекогаш имало лоши соработници. Но, во последно време нивното влијание е сè поголемо и подеструктивно. Сепак, бизнисите имаат потреба од тимска работа. Тимовите треба да бидат повеќе кооперативни, адаптибилни и проактивни. Времето кога процесот на донесувањето на одлуки се одвиваше одозгора надолу е минато за многу компании и индустрии. Сега, овој процес се заменува со иновативни иновации и форми на соработка преку соработници, отворено вмрежување и споделување информации преку граници/со странски партнери. Поради оваа нова динамика, дисфункционалните соиграчи можат да им наштетат на резултатите на целиот тим на начин што и не беше можност во старите модели на работа. Најчестите деструктивни токсични однесувања што ги гледаме вклучуваат: назадување, критикување и обвинување; озборувања и ширење на



гласини; договарање на состаноци, но не и следење на работите после/подоцна; пласирање на информации; намерно поткопување на интегритетот на другите; грижа само за лични агенди (над целите на тимот и компанијата).

Едно проучување на илјадници тимови и собирање на податоци во сите индустрии, сектори и географии открива што ги прави некои тимови одлични, а што ги прави другите неуспешни. Според истражувањето, единствениот и најважен фактор за успехот или неуспехот на тимот е квалитетот на односите во тимот. Всушност, 70% од разликата меѓу најслабите тимови  кои ги нарекуваме саботажни тимови и тимови со највисоки перформанси, или она што го нарекуваме лојалистички

Наместо да го одложувате разговорот за некое идеално време за во иднина, кога може полесно да се справите со него, сепак подобро е „да ги ставите картите на маса" за да можете да го решите проблемот и да продолжите понатаму. Можеби и не изгледа многу добро додека разговарате да излезете надвор од канцеларијата, но честопати  тоа е токму она што е потребно



тимови, е во корелација со тимските односи – и тоа не некои или поголемиот дел од односите туку сите од нив. Од тука произлегува и дека еден токсичен член на тимот е сето она  што е потребно за да се уништи кавлитетот на тимот. Токсичните членови на тимот се деструктивни бидејќи прават непотребна драма и го одвлекуваат вниманието.  Тие си ја „цицаат" позитивната енергија и креативната интелектуална моќ надвор од работата. Односно, членовите на тимот трошат драгоцено време „пазејќи" го грбот, наместо отворено да пронаоѓаат нови решенија, да преземаат ризици и отворено да разговараат за она што им е во мислите. Тие го поткопуваат „имиџот на тимот". Нивното лошо однесување слабо го претставува тимот и создава негативен впечаток кај колегите надвор од тимот. Всушност, во извршеното истражување, засегнатите страни надвор од тимот имаат 2.000 пати поголеми шанси да ги видат лојалните тимови како ефективни во постигнувањето на резултатите, во споредба со тимовите на саботери. Јасно е дека дисфункцијата во  тимот е високо поврзана со имиџот на тимот и постигнатите резултати. Ги намалуваат вредностите на лидерот и на компанијата. Кога компаниите поддржуваат вредности и норми на однесување, но не применуваат исти стандарди за сите, тогаш се раѓа цинизам.Ја деградираат тимската култура. Однесувањето на саботерот станува „норма де факто". Добронамерните членови на тимот почнуваат да го имитираат ова лошо однесување, да третираат токсичен соиграч со непочитување, потсмев

позади грб и да ги држат надвор од групата секогаш кога ќе можат. Затоа, ако сте лидер на тимот, патот кон успехот е јасен. Треба да се признае што се случува со тимот, а на токсичниот член на тимот да му се постави повисок стандард на однесување. Без оглед на нивната продуктивност, резултати, техничка експертиза или непроценливо искуство, не треба да се толерира однесувањето кое ги уназадува останатите ченови во тимот.
Многу вработени велат дека се чувствуваат немоќни да го променат однесувањето на колегите. Всушност, некои едноставно го напуштаат тимот или компанијата откако веќе не можат да го поднесат негативното, односно токсичното влијанието во работната средина. Еве четири работи коишто може да се направат за да се справиме со токсичен колега: Да направиме искрен разговор со лицето. Ако не се обидеме да го направиме ова, тогаш 100% врската ќе продолжи во својата тековна, нефункционална состојба.
Ние не може да претпоставиме дека оваа личност одеднаш ќе се разбуди и ќе ја сфати грешката во своето работење и постапување. Треба да се фокусираме  на влијанието кое однесувањето го има кон нас. Побарајте и повратна информација за сопственото однесување. Понекогаш, други не го разбираат влијанието кое тие го имаат врз нас. Истражувањата покажуваат дека повеќето од нас немаат самосвест, особено на работа. Членовите на лојалните тимови имаат 106 пати поголеми шанси да си дадат едни на други повратни „фидбек“ информации од оние на саботерските тимови, дури и кога е тешко тоа да се направи. Треба да се постапува лојално кон самите себе и да се отвора чесен и искрен дијалог.
Да ја подигнеме нашата „сопствена игра“ а нашето его нека биде поготвено да реагира. Да не се спуштаме на нивно ниво. Колку повеќе можеме да го задржите својот фокус на целите на тимот, толку е помала веројатноста дека ќе бидеме заслепени од победата / да изгубиме поради размислувањето на токсичен колега. Да бидеме пример за тоа како сакаме тимот да дејствува. Да поставеме стандард со остатокот од тимот кој поддржува соработка и отворен дијалог, а не одмазда. За лојалистичките тимови, членовите на тимот имаат 35 пати поголеми шанси да покажат видлива посветеност на успехот на едни со други, а 47 пати поголема веројатност да работат напорно за да изградат и да одржат доверба, во споредба со тимовите на саботери.
Потребно е да се поразговара со нашиот шеф. Проактивно да му се сугерира на шефот дека тимот одржува состанок за поставување на тимски норми.. Оваа сесија не треба да биде трик со кој на токсичниот член на тимот ќе му се даде задача. Тоа треба да биде вистинска и автентична интеракција, во која членовите на тимот можат да стекнат увид во перспективите, да постават јасни стандарди на очекуваното однесување и да ја зголемат одговорноста за односот помеѓу себе. Во лојалните тимови, членовите на тимот имаат 73 пати поголеми шанси да постават норми и однесувања во кои живеат, а 125 пати е поголема веројатноста тие веднаш да укажат на неприфатливото однесување во тимот. Најпосле, треба да се грижиме за себе. Не треба да се дозволи ова токсично однесување да го оштети нашето емоционално и физичко здравје. Треба да го поседуваме она што можеме, а да се откажеме од она на што не можеме да влијаеме. Ако навистина сме вложиле многу труд и работа да развиеме подобри односи со нашиот соработник(ци)/ саботери, да размислеме да побараме совет од професионален или доверлив ментор за тоа што друго би можело да се обидеме да направиме. Но, ако сме направиле сè што може, треба да размислиме и да си заминеме од таа средина. Животот е премногу краток за работата да го „цица“ животот од нас. Кога работиме со токсичен соработник, нема сомнение дека страдаме од искуството. И веројатно е дека и бизнис-резултатите трпат. Доста често болката дава силна мотивација за решавање на проблемите и за движење на работите напред, но работата што претстои не е лесна, и не треба да се лажеме: Реконструкцијата на врските и развојот на нови навики одзема многу енергија и храброст. Меѓутоа, откако целосно ќе се заложиме да ја поправиме својата тешка врска, најверојатно ќе видиме подобрувања. Да бидеме добронамерни во нашите напори, но и упорни - и ќе го жнееме плодот на нашиот труд.

м-р Билјана Поповска
*(адаптирано од  Harvard Business Review Magazine  Џоел Гарфинкл ( изворно:Joel Garfinkle) & Еби Курноу-Чавез (изворно:Abby curnow-chavez)*



# МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА ВО САД ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА



Веднаш по доселувањето во САД Македонците во поголеми градски центри формирале заемни помошни друштва како што се: Битолско помошно друштво „Пелистер“, Тетовско помошно друштво „Шар Планина“, Селското помошно друштво „Буф“, Селското помошно друштво „Лазар Поп Трајков“ и други. Целта на друштвата била зачувување на македонската национална култура и обичаи, како и материјална помош на социјално загрозените Македонци во Америка и испраќање помош за татковината (за изградба на училишта, цркви, болници и друго).
Прогресивните македонски групи во САД издавале весник „Македонски билтен“ во чиј прв број е истакнато: „Македонски емигранти - многу се големи жртвите што нашиот поробен но херојски народ ги даде во полувековната борба за посветол човечки живот. Плејада познати и непознати борци ги положија коските пред олтарот на слободата. Нема ритче, нема дол од македонската земја да не е полеана со македонска народна крв...И покрај тоа, Македонија и денес стенка под црното ропство, поцрно и понеподносливо од кога и да било. Разделена, народот денес е распнат на крст од новите балкански поробувачи пред очите и со одобрение на „европските покровители“. За позасилено дејствување и пропагирање на македонската кауза во САД македонските прогресивни друштва се обединиле во македонски политички организации, чиј основачки конгрес бил одржан во 1922 година во Форт Вејн, Индијана.
Во 1928 година во Чикаго била формирана нова македонска политичка организација „Македонска независност“, чија основна цел била да се бори за ослободувањето на македонскиот народ и за создавање на македонска држава со демократско републиканско

По завршувањето на Првата светска војна следел нов бран на иселеници од Македонија во САД. Голем број Македонци се женеле со Американки и примале американско државјанство. Меѓутоа, одењето во Америка значело и пренесување на револуционерната традиција, на културата и на националната свест



уредување, изградена врз принципите на еднаквост, братство и слобода на сите нејзини жители, без разлика на вера, народност, пол и политичко убедување и нивните деца, независно од местото на раѓањето. Првата независна македонска прогресивна група била формирана во Понтијак, Мичиген во септември 1929 година, од 14 членови, меѓу кои имало и неколку стари илинденци.
Прогресивините македонски групи во САД својата дејност и борба ја манифестирале и преку објавување на бројни гласила: „Македонско дело“, „Балканска федерација“, „Македонски билтен“, „Македонски студентски лист“, при што се објавувани бројни програмски документи, апели и други важни содржини организации и друштва од балканската емиграција во Америка, како на пример: „Хрватска братска заедница“, „Хрватски синови“ и ред други српски, грчки и други масовни организации и клубови. Конгресот го усвоил Уставот кој го утврдил формирањето на Македонскиот народен сојуз во Америка, чија цел е „да ја потпомага со сите сили и средства борбата на својот поробен и распарчен народ за ослободување и обединување на Македонија во една независна народна република и нејзиното вклучување како рамноправен член во идна Балканска федерација на слободните балкански народи“.
По Конгресот на Македонскиот народен сојуз биле формирани повеќе македонски групи ширум САД: во Гери, Индијана, група од 85 членови, женска секција 43 членови и младинска група од 20 членови, вкупно 148 членови; Детроит 136 членови; Понтијак 23 членови; Дејтон 22 членови; Лорен 20 членови; Њујорк 8 членови, Синсинати 30 членови, Толедо 30 членови; Чикаго 22 членови; Милвоки 5 членови; Форт Вејн 5 членови и други. Бројот на членството постојано растел, а редовно биле одржувани конгреси.

Според некои податоци, од втората половина на 19 век до денес, од Македонија во САД емигрирале близу 200.000 жители. Македонците во САД се силен партнер и поддржувач на бројни помошни активности за своите сонародници во татковината за собирање и испраќање финансиска помош, облека, лекови, медицинска опрема и други видови помош и поддршка



за ширење на вистината за македонската национална посебност и борба за слободна и независна држава Македонија. Во еден апел објавен на страниците на весникот „Македонско дело“, упатен до владата на Кралството Југославија во Белград се вели: „Ние организираните Македонци во независните прогресивни групи во Нијагара Фалс Н.О. високо протестираме против инсценираниот процес кон Панко Брашнаров и 21 македонски борец за национална слобода кои повторно потврдуваат дека вашата крвава диктатура продолжува да го применува системот на масовни убиства, терор, затвори, денационализација и грабеж за угнетување на сиот народ. Ние сакаме неодложно ослободување на сите обвинети. Нивната борба е и наша, ние сме со нив. Топло поздрави на поробениот, но херојски македонски народ, кој наспроти вашите штитови води борба за извојување на својата независност и слобода. Долу крвавата белградска диктатура! Да живее независна Македонија.“
Во периодот од 24 до 26 април 1931 година македонските прогресивни групи го одржале својот прв конгрес во Гери. На конгресот присуствувале 36 редовни и 26 братски делегати испратени од разни

На Четвртиот конгрес на Македонскиот народен сојуз одржан во 1934 година во Детроит, Мичиген, САД, особено се значајни обраќањата на Георги Димитров до Конгресот и статијата „Зошто ние Македонците сме одделна нација“. Одговорот на прашањето поставено во насловот на статијата, авторот наведува дека е од големо политичко значење, а потоа продолжува: „Познато е дека како бугарскиот, така српскиот и грчкиот империјализам го негираат постоењето на македонската нација. Според првите, Македонците се најдобриот дел од бугарската нација. Според другите, Македонците се Срби. Според третите, Мкедонците се словенизирани Елини. Така сите наши поробувачи го оправдуваат своето ропство над нашата татковина и претендираат за владеење со цела Македонија. Со цел да се спречи грубата асимилаторска политика и да се извојува правото на самоопределување на македонскиот народ од неговото одделување од бугарската, српската и грчката империјалистичка држава и обединување во самостојна независна република на македонскиот работен народ, ние Македонците треба високо да укажеме дека не сме ниту Срби, ниту Грци, ниту, пак, Бугари, туку сме одделна македонска нација, која се бори за своето национално ослободување и за своја македонска држава“. Авторот на статијата потпишан под псевдоним Бистришки во продолжение пишува: „Во Македонија на лице-место со сите елементи на една самостојна македонска нација на своја територија и економска целост, со свој јазик и општ национален карактер и со своја македонска историја.“
На крајот од работата на Четвртиот конгрес на Македонскиот народен сојуз е испратен апел до делегатите на Тринаесеттиот конгрес на Македонската политичка организација – МПО во САД за обединување на силите за заедничка борба против непријателите на македонското националноослободително дело.
Според некои податоци од втората половина на 19 век до денес од Македонија во САД емигрирале близу 200.000 жители. Македонците во САД се силен партнер и поддржувач на бројни активности за помош за своите сонародници во татковината за собирање и испраќање финансиска помош, облека, лекови, медицинска опрема и други видови помош и поддршка. Особено е значајна културната, образовната, религиозната, уметничката, спортската и друга размена која се остварува меѓу нашите сонародници и американските граѓани во САД и Македонија, со што уште повеќе се зацврстуваат македонско-американските пријателски врски.

д-р Александар Стојчев



# Генерали-команданти на корпуси во АРМ

## Генерал-мајор БОРИС СТОЈАНОСКИ

### командант на Третиот армиски корпус (Скопски)

Военото образование го стекнува во Белград на Воената академија на Копнената војска (ВЕАКОВ), која ја завршува во 1963 г., кога бил произведен во чин потпоручник. Во 1975 год. ја завршил Високата воено-политичка школа на ЈНА, а потоа во 1983 година и највисоката Школа за народна одбрана во Белград.

Во периодот од 1963 до 1983 год. вршел повеќе командни, штабни и воспитно-образовни должности во единиците и школските центри на ЈНА. Во 1983 год. бил распореден во РМ, во ТО, каде што од 1983 до 1986 год. бил командант на ТО на Велешката област. Генерал Стојаноски од 1986 до 1990 год. бил во РШТО, а од 1990 год. бил командант на ТО на Скопје. Паралено со осамостојувањето на РМ во 1991-1992 год. бил ангажиран во подготовките и формирањето на АРМ, при што во февруари 1992 год. бил поставен за прв командант на 3.АК (Скопски) на АРМ. Во 1993 год. бил произведен во чин генерал-мајор, а од 1994 год. работи во Генералштабот на АРМ како помошник на началникот на ГШ на АРМ за морално-психолошки подготовки.Со Указ бр.15. од 9.7.1996г., на претседателот на РМ, генерал-мајорот Борис Стојаноски, дотогашен помошник на НГШ на АРМ за (морално-политички и правни) МПП, се поставува по мирновременска и воена формација за помошник на НГШ за меѓуармиска соработка, културни дејности и традиции. Во 2000 год. бил пензиониран со Указ бр.8 од 11.2.2000 г.

Генералот Борис Стојаноски во текот на својата војничка кариера од 1963 до 2000 год. има добиено повеќе воени одликувања, награди, пофалници и други признанија како што се: Медал за воени заслуги 1966г., Орден за воени заслуги со сребрени мечеви 1972 г., Орден на народна армија со сребрена ѕвезда 1978 г., Орден за воени заслуги со златни мечеви 1984 г., Орден на народна армија со златна ѕвезда 1990 г., Медал на националната гарда од Вермонт –САД, 1998 г. Покрај тоа, има добиено повеќе писмени пофалби, благодарници и парични награди и други признанија. По пензионирањето се вклучил во работата на повеќе невладини организации и здруженија како што се: Сојуз на борците од Народноослобо¬дителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 и граѓаните-продолжувачи, Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста, САЗОМ - Стручна асоцијација за заштита од отровни материи, НО „Вистина" како здружение на граѓани-почитувачи на природата, екологијата, традициите и спомен-обележјата и на Клубот на генерали.



Од периодот на пензионирањето сè до крајот на животот во јуни 2018, со својот пријател проф. д-р Марјан Димитријевски, научен советник во Институтот за национална историја, заеднички работат на повеќе проекти како што се: Воените спомен-обележја и градби на територијата на Република Македонија во минатото и заклучно со Втората светска војна, Воената организација и стратегијата во НО-



Генералот Борис Стојаноски остави зад себе голем број дела и написи кои трајно ќе сведочат за настаните и ликовите од воената историја на Република Македонија. Во овој и во неколку наредни броеви на „Штит“ ги објавуваме неговите последни написи за генералите команданти на корпуси на АРМ, што ни ги достави непосредно пред да почине



Кога ЈНА дефинитивно ја напушти територијата на Македонија на 28.3.1992 г., веќе биле извршени сите подготовки за формирање на АРМ. Во февруари 1992 г. бил донесен Закон за одбрана, потоа била пропишана организациско-формациската структура на АРМ со која територијата била поделена на три корпусни области –три корпуси и тоа: Прв корпус (Кумановски), Втор корпус (Битолски) и Трет корпус (Скопски). Почетната организациско-формациско структура на АРМ била доста обемна и несоодветна на големината на територијата и бројот на жителите на Р. Македонија и континуирано се вршеле промени и постепно еден по еден биле укинувани корпусите, со што се преминало на новиот бригаден систем. Промените биле плански, со цел да се исполнат сите критериуми и стандарди за полноправно членство на АРМ во НАТО

АВМ, Историјата на АРМ од формирање до НАТО, Македонски војсководци и команданти. Покрај тоа, заеднички или самостојно, генерал Борис Стојаноски има настапувано на повеќе домашни и меѓународни научни конференции посветени на воената историја во Белград, во Софија, во Скопје и на други места. Како резултат на оваа заедничка работа досега имаат издадено 5 монографии, а во армиските списанија: „Одбрана“ и „Штит“, издале неколку фељтони во продолженија кои излегуваат последователно повеќе од 15 години наназад. Од монографиите би ги спомenale: „Водич низ историските споменици и спомен-обележја од Илинденскиот период во Република Македонија (100 години Илинден 1903-2003)“. „Културно-историско наследство на Република Македонија, Национална установа - Републички завод за заштита на спомениците на културата – Скопје“, 2004,119. „По трагите на АСНОМ (музејски споменици, спомен-обележја и места каде престојувал и се движел Иницијативниот одбор и Президиумот на АСНОМ)“, „60 години од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ (1944-2004)“, „Културно-историско наследство на Република Македонија“, Национална установа - Републички завод за заштита на спомениците на културата - Скопје, 2004, 92. „Општина Ѓорче Петров, вчера денес утре“. Општина Ѓорче Петров, Скопје, 2007г. „Странски воени споменици во Република Македонија“., Скопје, 2011 г., Од фељтоните би ги спомenale: „Воени домашни и странски историски споменици и спомен-обележја во Република Македонија“, фељтон, „Одбрана“, бр. 82, Скопје, февруари 2003 – „0дбрана“, бр. 117, Скопје, јануари 2006, 3-5.„Воената организација и стратегија во Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1944“, фељтон, „Одбрана“ број 120, април 2006, „Одбрана“, бр. 131, Скопје, март 2007, 3-5. АРМ од формирањето до НАТО (15 години од формирањето), фељтон, „Одбрана“, бр. 132, Скопје, април-октомври 2007 година. Македонски војсководци и команданти, „Штит“, 2015-2017 година, како и овој серијал за генералите-команданти на корпуси.

генерал Борис Стојаноски
проф,д-р Марјан Димитријевски

# Позитивни ефекти од учењето и играњето шах



Постојат многу позитивни ефекти од учењето на шах, посебно за децата од основно училиште, а во истражувањата најчесто се наведува дека шахот: ги зајакнува вештините за решавање проблеми, ја зголемува концентрацијата и упорноста во решавањето на задачите, шаховската игра укажува на важноста за анализа на проблемите, флексибилното планирање и постојаното следење на играта (ако има недостатокот во планирање и мониторинг, веднаш имате лоши резултати), шаховската игра развива и бара способност од човекот да предвиди можни потези и позиции и помага да се развијат визуелни специјални способности, овозможува да се практикува донесување на одлуки, самоодлучување во забрзано време, на пример т.н „блиц и забрзан шах“, што укажува на потребата за континуирано оценување на различни можни потези и избор на најдобра опција, ја подобрува меморијата, охрабрува критичко и креативно размислување кај децата, подобрува математички и јазични вештини (вештини за читање) кај учениците.

Спротивно на општото верување дека шаховската игра бара високи ментални способности, основните правила и шаховските потези се лесни за учење, шестгодишно дете брзо ги учи овие правила и потези. Повеќе истражувања покажаа дека учењето шах е корисно за сите луѓе, а посебно за децата и не важи правилото дека тоа е само за премногу интелигентни деца

Во прилог на зајакнување на голем број когнитивни и метакогнитивни вештини, се покажало дека шахот има силна мотивациона улога, бидејќи го зајакнува чувството на самоефикасност и компетентност кај децата и возрасните и овозможува развој на здрава конкуренција ( спортски дух).

Во 30 земји ширум светот, шахот е всушност игра во основните училишта, или како дел од предавањето на некој друг предмет (на пр. математика), или како самостојна активност.



### Шахот и лидерството. Топ 10 вештини кои мора да ги имаат лидерите во 2020 година.

Светскиот економски форум во Давос, Швајцарија, пред извесен период ја објави листата за најдобрите и најпосакуваните вештини кои мора да ги поседуват лидерите во својата кариера во 2020 година.

Тоа се:

1. **Решавање на комплескни проблеми**, способност да се донесуваат одлуки, а притоа претходно да сте решавале комплицирани проблеми и задачи.
2. **Критично размислување**, користење на логиката, давање на суд/процена за нешто заедно со барање на предности и недостатоци при решавњето на одредени проблеми/предизвици.
3. **Креативност**, примена на нови технологии со цел креирање на нови продукти и услуги.
4. **Управување со луѓе**, одбирање на најдобрите луѓе за одредена работа, истите да се мотивираат притоа, со цел да се искоритат нивните најдобри потенцијали.
5. **Координација со другите**, тимски приспособлив начин на работа
6. **Емоционална интелигенција**, умеење или вештина за да се „читаат“ луѓето со цел подобра бизнис-соработката.
7. **Пресуда и донесување на одлуки**, способност на анализирање, на податоци и информации и врз основа на тоа да се донесуваат процени и одлуки.
8. **Насоченост кон корисниците**, активно барање начини и решение за да се помогне на другите, со што ја опфаќа и социјалната интелигенција.
9. **Преговарање**. Преговарачките способности и општествените вештини ќе бидат сè подоминантни кај работната сила.
10. **Когнитивна флексибилност**, способност за рамислување за повеќе поими истовремено.

Играњето и учењето шах, во денешно време, во 21 век, сите овие способности ги развива до максимум. Во наредниот период ќе следат написи за модерните шаховски светски играчи - „шаховски гладијатори“, за нивниот стил на игра, развој и за нивните шаховски достигнувања.

*За крај една убава, мала, но многу остра партија:*

**Napoleon I - General Bertrand 1-0**
**St Helena 1818**

1.♘f3 ♘c6 2.e4 e5 3.d4 ♘xd4 4.♘xd4 exd4 5.♗c4 ♗c5 6...♕e7 7.0–0 ♕e5 8.f4!! dxc3+ 9.♔h1 cxb2 10.♗xf7+!



♔d8 11.fxe5 bxa1♕ 12.♗xg8 ♗e7 13.♕b3 a5 14.♖f8+! ♗xf8 15.♗g5+ ♗e7 16.♗xe7+ ♔xe7 17.♕f7+ ♔d8 18.♕f8#

Емил Жежов







# МАКЕДОНСКИ РУБИН





Државите кои можат да се гордеат со свои наоѓалишта на скапоцени камења се малку. На европскиот континент речиси и да не постои земја во која има регистрирано појава на природни скапоцени камења од повисок ранг. Можно ли е Македонија да е единствено наоѓалиште на престижниот рубин во Европа? Прашање што со децении суптилно се провлекувало меѓу ентузијастите и познавачите на бесценети камења. Кинезите со гордост зборуваат за минералот жад, кој е карактеристичен за нивното поднебје, а во Австралија гласно се промовира скапоцениот опал, кого го почитувале и древните Абориџини. Со текот на вековите догмата се претворила во современа културна традиција, а скапоцените камења во незаменливо национално богатство. Во Македонија, тоа е уникатниот рубин. Ова е сторија за него. Германскиот геолог Ото Хајнрих Ернстмандорфер, кој непосредно по завршувањето на Првата светска војна издал неколку научни трудови во кои првпат се посочило дека во Прилепскиот регион има регистрирано појава на минералот корунд. „Корунд претставува кристална форма на алуминиум оксид. Во неа има и  траги од железо, титаниум или хром кои му даваат различни бои. Црвениот корунд се нарекува рубин“, објаснува Мице Тркалески, геолог од рудникот „Сивец“ Минералот корунд потекнува од метаморфните доломити,



создадени во периодот прекамбриум, односно од почетокот на создавањето на планетава па сè до пред 600 милиони години.
Во 2000 година, прва научна институција што го докажала постоењето на корундот била една лабораторија во Велика Британија. Неколку години подоцна, во 2006 г., истиот резултат го документираше и лабораторијата на Природонаучниот музеј од Лондон, анализирајќи примерок однесен од неколкумина ентузијасти од Република Македонија. „Најчесто користени инструментални техники се таканаречените спектроскопски техники. Ги има многу, меѓутоа ние користиме најчесто во нашата институција две, а тоа се инфрацрвената спектроскопија и раманската спектроскопија. Секоја од овие техники, кога ќе биде употребена за да биде извршена идентификација на минералот, дава карактеристичен резултат којшто е својствен само за даден тип на минерал и за ниту еден друг. Така секој минерал на различна спектроскопска или структурна техника си дава својства само за себе. Така се добива недвосмислен резултат врз



основа на кој можеме да потврдиме или да одречеме дали даден примерок е она коешто претпоставуваме или не е“, вели проф. д-р. Петре Макрески од ПМФ при УКИМ.
Така уште еднаш се докажало дека „црвениот камен“ е навистина минералот корунд. Набрзо се дал одговор и на прашањето дали, според меѓународната номенклатура, парчињата корунд од Македонија би можеле да се означат со престижниот назив – рубини.
Македонскиот рубин претставува ендемичен вариетет на минералот корунд од кој потекнуваат познатите скапоцени камења рубин и сафир. Плени со својата нежна малино-розева боја, симбол на љубовта и простувањето. Има тврдина „9“ и доаѓа веднаш по дијамантот, кој е најтврдиот природен минерал кој има тврдина „10“. Поради тоа се обработува исклучително рачно. Во Македонија се наоѓа најпознатото европско лежиште, чии примероци се изложени во музеите во Лондон и во Берлин.
Убавината е во несовршеноста, велат уметниците, дури и кај дијамантите, ако се биде внимателен, може да се забележи имперфекција, но тоа сепак ја покажува душата на природниот скапоцен камен. Кога е веќе докажано дека го имаме, станува јасно дека на македонскиот рубин би требало да се гледа како на национално богатство на Република Македонија.
Можеби некои сѐ уште имаат предрасуди околу неговиот квалитет и автентичноста, но македонскиот рубин веќе се наоѓа во колекцијата со накит на холивудските актерки Дерил Хана и Кетрин Денев, вграден е во крстот на папата Бенедикт XVI и на папата Франциско. Го има и емирот од Катар, но и уште многу престижни имиња од културниот и општествениот живот.„Еден од најдобрите елементи за промоција на една земја е кога се



нуди нешто што го нема во ниедна друга земја. Нешто што е од ендемичен карактер. Особено во светот на минералите, оти ако се работи за некаква сорта на растение, на овошен вид или на некој животински вид, тогаш со текот на светската трговија, тој вид може да се пренесе и во други земји, ако е интересен, но, во однос на минералите, тие се нешто како маркер за една територија или за една земја“, вели Деан Шкартов, промотор на македонскиот рубин. Секое камче македонски рубин вградено во накитот станува инструмент на активирање на таа огромна енергија што ја поседуваат скапоцените камења и тоа станува еден ензим, кој го помага и нашиот еволутивен развој како поединец, но и нашиот колектив.

Деан Шкартов
Игор Милчов






# „Логор Рентген“

Затворот Гвантанамо во Куба е еден од најозлогласените затвори во поновата светска историја. Овој повеќегодишен дом на стотици затвореници кои се нашле таму како резултат на борбата против тероризмот предводена од САД и НАТО ги прима првите жители во текот на 2002 година. Без истрага, без докази, обвиненија и судење, а само врз основа на сомнеж, овие луѓе донесени од Блискиот Исток се паднати со правен вакуум, бидејќи се исклучени од заштитата која ја предвидува Уставот на САД (Куба не е американска територија), но исто така се исклучени од Женевската конвенција за воени заробеници, бидејќи фигурираат како привремени притвореници, односно нивниот статус се води со друго име. Дебитантскиот филм „Логор Рентген“(Camp X-Ray) на режисерот Питер Сетлер се занимава токму со оваа тематика – животот на жителите на ова место - војници и затвореници, нивното секојдневие, преку забранетото пријателство на муслиманот и затвореник Али со еден од чуварите во оваа институција – младата Ејми Кол.

## Затвореникот 471

„Не дозволувајте затворениците да дознаат нешто за вас или за вашето име! Не зборувајте со затворениците! Не дозволувајте да ве допрат!“ Ова се само дел од правилата со кои секој нов војник дојден на должност во затворската единица Гвантанамо се запознава уште на првиот ден. Ејми Кол е една од нив, млад војник со амбиција да ја брани слободата и да се бори против тероризмот. Принципиелна, дисциплинирана и посветена, Ејми не отстапува од правилникот и процедурите кои ѝ се презентирани на првиот ден од нејзиниот престој. Сепак, првиот нејзин ден како чувар во затворот поминува далеку од добро. Напротив, при соочување со разгневен затвореник, таа „заработува“ удар и повреда на лицето. Тоа е и нејзината прва средба со Али, или затвореникот 471, како што го нарекуваат во периметарот на институцијата оградена со бодликава жица. Али е понекогаш гневен и лут зашто и по осум години поминати во Гвантанамо, никој никогаш не му објаснил што бара таму, бидејќи официјално не е обвинет за ништо. Тој тврди дека никогаш не направил ништо лошо, а сепак е на еден начин осуден да го помине животот во претесната ќелија. Но, Али, најчесто е кроток и безопасен. Тој само сака да зборува со чуварите, некако да ги помине бескрајните денови. Конверзација не добива. Сака да прашува, сака да раскажува, а многу сака и да чита книги. Деновите ги поминува со









препрочитување на книгите за Хари Потер, едиција на која во затворската библиотека недостасува последната книга. А таа последна книга е многу важна затоа што во неа се дознава дали ликот Снајпс е добар или лош човек. За жал, иако Али инсистира да ја добие последната книга која му е ветувана со години дека ќе ја добие наредната недела, книгата не пристигнува. Оваа ситуација е одлична аналогија на меѓупросторната ситуација во која се наоѓа самиот Али. И во неговата лична, животна приказна, недостасува последното поглавје каде се открива дали Али навистина е терорист кој е опасност за безбедноста на САД или, пак, е невина жртва која се нашла на погрешно место и во погрешно време. И во двете ситуации „топката“ ја држи американската армија која ја има моќта да ѝ даде завршеток на таа ситуација, но ја одолговлекува до тој степен што Али веќе се помирува дека животот ќе му заврши во неговата претесна ќелија.

## Забрането пријателство

Како е да се биде на должност во Гвантанамо? „Овде не сте за да спречите овие затвореници да избегаат, за тоа имаме ѕидови“ – ќе рече полковникот Друмонд. Вие сте тука да не дозволите овие затвореници да си го одземат животот, односно мора да ја спречите секоја намера за самоубиство.“ Токму поради ова, една работна смена во затворот значи проверка и контрола на затворениците на секои три минути. Одвреме-навреме затворениците спроведуваат бунтовни чинови, главно насочени кон новите, неискусни чувари, но освен тоа, животот во затворот е монотон, тежок и мачен, како за затворениците така и за војниците кои се на должност таму. Психолошката деградација е неизбежна и секој мора да го најде својот механизам за да го истурка некако денот. За Али и Ејми тоа се меѓусебните разговори во кои откриваат нешто неочекувано – Ејми дознава дека меѓу овие затвореници има луѓе кои имаат добри срца и кои веројатно



се тука без причина - луѓе како Али, а Али, пак, дознава дека чуварите се сепак луѓе, а не чудовишта кои применуваат драстични методи на испрашување и тортура. Разговорите на двајцата се мост меѓу два навидум неспоиви светови и односот кој се развива меѓу нив пркоси на стереотипот кој други се обидуваат да го наметнат. Ејми учи да сочувствува, станува свесна колку вреди човечката слобода и колку животот знае да не биде фер, а Али добива непроценливо скап подарок – после осум години поминати во ќелија, лишен од основно човечко достоинство – тој добива искрен, човечки контакт, па дури и можеби – пријател. Можеби Ејми ја нема моќта да помогне и да даде завршница на личната судбина на затвореникот 471, но има можност да ја разреши дилемата за Снајпс од Хари Потер со тоа што ќе ја донесе последната книга од едицијата во затворската библиотека. Али ќе дознае каков човек е Снајпс, исто како што во главата на Ејми Кол веќе е откриено дали Али е добриот или лошиот лик во реалната приказна која ја живеат.

## Гвантанамо денес

Сместен во заливот Гвантанамо на Куба, логорот „Рентген“ е привремениот и најмал логор во комплексот Гвантанамо, една од трите единици на затворот, заедно со другите два – „Делта“ и „Игуана“. Постоел само неколку месеци. Иако филмот се вика „Логор Рентген“, дејството се однесува на кампот „Делта“. Низ затворот Гвантанамо до 2012 година поминале 779 затвореници. Од нив само 79 се ослободени како невини. Иако војниците-чувари имале задача да не дозволат некој од затворениците да умре, на неколкумина, сепак, им успеало да си ги одземат животите. Овој затвор бил цел на „Amnesty International“ и на други хуманитарни организации, бидејќи важел за симбол на тортура – модерен Гулаг. И покрај намерите на претседателот Обама, да биде затворен, до ден-денес тој сè уште е активен. „Логорот Рентген“ зборува за еден неспецифичен однос помеѓу двајца „непријатели“, за заблудите и предрасудите во кои живееме, но и за можностите да ги смениме сопствените ставови и верувања... Прекрасен филм кој можеби нема акција налик на другите воени филмови, но има многу емотивност, одлична приказна и солидна визуелна нарација.

Елена Ѓорѓиевска




**Режија:** Peter Sattler

**Улоги:** Kristen Stewart, Peyman Moaadi, John Carroll Lynch, Lane Garrison, J oseph Julian Soria, CoryMichael Smith

**Сценарио:** Peter Sattler

**Музика:** Jess Stroup

**Година:** 2014

**Земја:** САД

**Времетраење:** 117 минути

**Награди:** Номинации за повеќе награди, вклучувајќи ги и „Sundance“ фестивалот, „Abu Dhabi Film Festival“ и други.



# Радожда –
## рибарско село и атрактивна

Според својата местоположба на Охридското Езеро, рибарско-туристичкото село Радожда е меѓу последните на наша територија, сместено речиси на самата граница со соседна Албанија.Се наоѓа на надморска висина од 725 метри, 10 километри јужно од Струга и на два километри од границата со Албанија.Претпоставките се дека селото е старо околу 10 векови.
Радожда има седум цркви, од кои централна е селската црква „Свети Никола“, која е изградена во 18 век, а најпозната е најстарата пештерска црква „Свети Арангел Михаил“ од 14 век, која се наоѓа среде стрмните карпи над самото село.
Најголемиот дел од откриените фрески потекнуваат од 14 век, а особено се истакнува единствената сочувана композиција од 13 век, со претстава на „Чудото во Хона“ – насликана во чест на патронот кому е посветена црквата.
Од пред самиот влез на малечката пештерска црква се шири импозантен панорамски поглед на поголем дел од селото, како и на прекрасното Охридско Езеро. Сите кои се качуваат по стрмните скали да ја посетат црквата и подзапираат да си ги наполнат очите со живописна убавина.
Радожда е крајбрежен рај кој, доколку сте љубител на опуштени летни денови, езерска хармонија која ги одмора и ги релаксира мислите, како и на мирна и чиста езерска вода во која ќе се изнауживате и разладите, тогаш Радожда е вистинскиот избор за вас.  На почетокот од селото, после неколку куќи, ќе ве пречека црквата „Света Недела“ со својата студена изворска вода каде сите подзастануваат за да се освежат и за да уживаат во прекрасниот поглед кој се простира од малото местенце за одмор, во кругот на самата црква.
Радожда е вистинско место за ранобудните обожаватели на изгрејсонцето. Во најраните утрински часови, од над Галичица, на другата страна од езерото, полека, со своите жолти зраци, сонцето ги облагородува езерските води и плажите од струшката страна со сончева светлина. Од друга страна, пак, поради својата западна местоположба на езерото, Радожда го има еден од најчудесните и најдолгиот езерски самрак.
Со зборови не можат да се доловат шармот, убавината, спокојот, тишината и мирот, како и живописноста на ова прекрасно езерско село. На вас останува да го посетите и да ги искусите неговите благодети.

Кристина Илиевска



# Убавините на Македонија

# туристичка дестинација








